


# СТУДИЈА ЗА РАЗВОЈ НА ЛЕТЕН И ЗИМСКИ ТУРИЗАМ НА ПЕЛИСТЕР

# СТУДИЈА ЗА РАЗВОЈ НА ЛЕТЕН И ЗИМСКИ ТУРИЗАМ НА ПЕЛИСТЕР

Нарачател: Општина Битола

Изработиле: Проф. д-р Сашо Коруновски

Проф. д-р Науме Мариноски

Проф. д-р Михаел Ристески

Во соработка со: Национален Парк Пелистер

Фотографии сопственост на Иванчо Тошевски и Михаел Ристески

Мај 2025 година

# СОДРЖИНА


Регистар на кратенки ....3

Вовед....4

1. Методологија на изработка на Студијата ....6

2. Основни определби, можности и карактеристики на екотуристичките активности ....8

3. Основни карактеристики на туристичкиот развој на Битола ....10

  3.1 Анализа на туристичкиот промет ....10

  3.2 Анализа на емитивни држави ....15

  3.3 Анализа на сезоналноста на туристичкиот промет ....16

  3.4 Анализа на угостителски капацитети ....19

4. Современи трендови во туризмот и карактеристики на екотуризмот ....24

  4.1 Глобални развојни трендови во туризмот ....24

  4.2 Трендови во екотуризмот и активниот туризам ....26

    4.2.1 Преглед на пазарот ....26

    4.2.2 Клучни трендови во екотуризмот ....27

    4.2.3 Клучни трендови во активниот туризам....28

5. Примери и практики на екотуризам во Европа и светот ....30

6. Анализа на локации со потенцијал за развој на летен и зимски туризам на Пелистер ....36

7. Атрактивни вредности и нивно лоцирање на Пелистер....38

8. Спроведени интервјуа и работилници со претставници од туристичкото стопанство ....56

  8.1 Резултати од спроведените интервјуа и консултации ....56

  8.2 Сумарни согледувања од спроведените интервјуа....64

  8.3 Резултати од спроведената анкета ....66

9. План за промоција на туристичките потенцијали на Националниот парк Пелистер ....87

10. Заклучоци и препораки ....92

Листа на табели....101

Листа на графикони ....101

Литература....103

  Интернет извори....104

# Регистар на кратенки

АП - Атрактивност на просторот

АППТ – Агенција за промоција и поддршка на туризмот на РС Македонија

АТТА - Здружение за трговија со активни патувања

БЗ – Бафер зона (Заштитен појас)

Вк. – Вкупно

ВП - Времетраење на престојот

ГПС – Систем за глобално позиционирање

ДЗС – Државен завод за статистика

ЕУ – Европска Унија

ЗАУ – Зона на активно управување

ЗОК – Зона на одржливо користење

ЗСЗ – Зона на строга заштита

ИПА - Инструменти за претпристапна помош на ЕУ

ИТ – Информациска технологија

КЗ – Контактна зона (Зона непосредно до границите на Националниот парк Пелистер)

м.н.в. – метри надморска висина

НВО – Невладина организација

НПП – Национален парк Пелистер

ОЕЦД – Организација за економска соработка и развој

ОН/UN – Обединети Нации

ОТП - Основна туристичка потреба

ПеПР – Пелагониски плански регион

ПР – Пол за развој

РСМ – РС Македонија

СГСР – Средногодишна стапка на раст

IATA - Меѓународна асоцијација за воздушен транспорт

IME - Програма за зголемување на пазарната вработливост

IUCN - Меѓународна унија за заштита на природата

SDC – Швајцарска агенција за развој и соработка

SDGs – Цели за одржлив развој според Светската туристичка организација

UNESCO - Организација за образование, наука и култура на Обединетите Нации

UNWTO/ UN–Tourism – Светска туристичка организација на Обединетите Нации

# Вовед

Развојот на туризмот на просторот на Општина Битола и Пелистер е во врска со комбинацијата која постои меѓу туризмот во дел од Пелагонија, градот Битола и туризмот на Пелистер. Општината Битола опфаќа дел од Пелистер како национален парк и интегрирана морфолошка туристичка целина. Масивот на Пелистер всушност припаѓа на поголемиот планински венец познат како Баба Планина, а го опфаќа западниот, најистакнатиот дел од оваа планина. Тој се протега покрај на општината Битола и на општината Ресен како и дел од Националниот парк Пелистер, кој вкупно опфаќа околу 171 $км^2$. Значи, кога се зборува за Пелистер во поширока смисла, обично се мисли на целиот овој дел од масивот, а не само на врвот, кој исто така се нарекува Пелистер (2.601 м.н.в.).

Туристичкиот развој во најголема мера е сврзан со сезонската концентрација на туристите. Во таа смисла стои и општата подвижност на населението. Ваквата состојба упатува на практично водење на туристичката политика, времето на пласман на туристичките производи и други активности сврзани со туристичката понуда и операциите во врска со приемот на туристите во туристичкиот простор. Посетата на туристите може да биде сезонска и вонсезонска (Мариноски, 2012а). Под туристичка сезона подразбираме временски интервал во кој постои најголема концентрација на туристичкиот промет, во определени просторни рамки, а вонсезона е период во кој се бележи минимална посетеност. Колку временскиот интервал на сезонската и изразитата концентрација е подолг, вон сезоната е намалена и обратно.

Сезоналноста е посебно нагласена кај рекреативните туристички движења, кои најчесто зависат од климатските карактеристики на просторот кој го опфаќа општината Битола. Тоа значи дека се диференцираат две сезони и тоа летна и зимска и период како целогодишен. Во таа смисла и туристичките движења сврзани за ваквата сезоналност се означуваат како летен и зимски туризам и надсезонски туризам.

Летниот туризам претставува таков туризам во кој активностите се сврзани со карактеристиките на климатските елементи на Пелистер во летниот дел од годината. Високата концентрација на туристи во овој период се должи на можните активности како освежување и релаксација, планинарење, алпинизам и рекреативни излети и екскурзии (Marinoski et al., 2019a). Поради тоа овој планински масив е важен фактор во подигнувањето на квалитетот на престојот на туристи во општината Битола и квалитетот на живот населението кое постојано живее во неа.

Зимскиот туризам е најзастапен во планински пространства на Пелистер во кои постојат услови за развој на зимско - спортски активности. Најчесто зимската сезона е сврзана со присуството на снежна покривка , која обезбедува одвивање на оваа активност. Зимскиот туризам подразбира постоење услови кои овозможуваат алтернативни активности. Тие не мора да бидат само од ски – форма, тоа се активности како престој на снег, игри со снег и креативни активности.

Екотуризмот претставува форма со најниско ниво на сезоналност. Тоа значи дека може да се организира и реализира во текот на целата година. Екотуризмот претставува современа форма на туристичка алтернатива. Таа произлегува од суштествената потреба на човекот за враќање кон природата во услови кога под наплив на урбанизацијата и индустријализацијата доаѓа до потиснување на „чистата природа“ (Мариноски, 2015). Тоа значи дека сѐ помалку се можностите да се биде во простор со автентични вредности во кои влијанието на човекот врз функционирањето на екосистемите не е нагласено. Според тоа, просторните целини каква што е Пелистер во кои човекот не извршил влијание со кое ја загрозил еколошката рамнотежа, претставуваат потенцијал за екотуристички активности.

Високо ниво на надсезоналност има развојот на културниот и градскиот туризам (Коруновски, 2011). Битола во овој поглед поседува извонредни можности со оглед на богатството кое произлегува од долгата културна слоевитост и традиционална надградба и заштита на туристичките вредности.

Селективниот пристап во определувањето на видови туризам подразбира креирање на туристички производи кои ќе ги надминат сезонските рамки во туризмот на Општина Битола и оптимално ќе ги искористат туристичките ресурси, за одржлив развој на оваа средина (Мариноски, 2012b). Тоа подразбира донесување развојни програми базирани на резултатите од студијата. Студиозноста подразбира примена на издржана методологија, која ќе се темели на теориски и практични параметри. Посебно се важни практичните искуства од областа на одржливиот туризам во кој заштитата и унапредувањето на животната средина се определуваат со екотуризмот како препознатлива туристичка форма и содржина. Тоа посебно се однесува на добрите практики во развојот на екотуризмот во Европа и светот. Локациите со потенцијали за летен и зимски туризам на Пелистер се поле за користење и развојна основна. Иновативноста е составен дел во оваа смисла.



Слика бр. 1 – Поглед од Пелистер (Фото: Иванчо Тошевски)

# 1. Методологија на изработка на Студијата

Во изработката на оваа студија беше користена методологијата која ги зема предвид потребите за согледување на оптималните можности за развој на летниот и зимскиот туризам, како и можностите за остварување на туристички посети во текот на целата година на територијата на Општина Битола и Пелистер. Развојот на туризмот на овој простор има позитивна основа во поглед на сезоналноста. Таа полесно се надминува затоа што постојат услови за престој на туристите во текот на целата година во рамничарскиот и планинскиот дел од општината. Студијата треба да овозможи усогласен развој на туризмот во летниот и во зимскиот период и да ги искористи предностите во надминувањето проблемите кои се јавуваат во сезонска смисла.

Потребата за изработка на Студијата се темели на Програмата за развој на туризмот во Општина Битола. Таа е составен дел од континуираниот процес на студиозно проучување и оформување иновации во користењето на потенцијалите за одржлив развој на туризмот. Методологијата на изработка на Студијата е усогласена со проектната идеја, целите, очекуваните резултати и можностите за практична примена и реализација. Проектната идеја во методолошки рамки, за предмет на истражување го определува одржливиот или екотуризмот. Тој подразбира одговорно патување во подрачјата на природата каков што е Пелистер, при што не ја загрозува туку да ја зачувува животната средина. Тоа ја потенцира хуманата димензија на природата поврзана со туризмот овозможувајќи благосостојбата на населението и посетителите во Општина Битола. Ваквиот третман на одржливиот развој на туризмот подразбира почитување на принципите на нераскинливата врска на заштитата на животната средина и нејзиното одржливо користење. Една од придобивките е зголемување на еколошката свест како на давателите на услугите, на постојаните жители на Општина Битола, така и на посетителите на овој простор во различни сезонални периоди. Предметот на истражување на Студијата, кој е во согласност со проектната идеја, подразбира да се добијат релевантни сознанија кои ќе придонесат потенцијалите за развој на туризмот да се афирмираат и да се збогатуваат. Добиените резултати од истражувачките активности треба да придонесат за унапредување на туризмот во Битола и на локалниот економски развој преку отворање на нови работни места во туристичките капацитети и зголемен туристички промет. Студијата содржи и план за успешна и организирана промоција на одржливиот туризам во Битола и посебно на Пелистер. Во методолошка смисла таа се потпира и на веќе објавени истражувања. За општината Битола и посебно за Пелистер како планина и национален парк изработени се широк дијапазон статии и публикации.

Од методолошка гледна точка јасно се определени целите на ова студија. Имено, општа цел е афирмација на еколошки зони за одржлив развој на туризмот односно екотуризмот на Пелистер. Студијата за развој на летен и зимски туризам на Пелистер, како и планот за промоција на потенцијалите за развој на екотуризмот на Пелистер има за цел да се согледаат состојбите на потенцијалите на туризмот на Пелистер, базирани на стандарди кои се дел од Европските и

светски практики во екотуризмот, како и организирана промоција на летен и зимски туризам на Пелистер.

Резултатите на Студијата треба да најдат свое место во креирањето на туристички политики во Општина Битола и Националниот парк Пелистер и создавање на платформа за идни истражувачки активности. Студијата треба да се искористи за креирање на тури кои имаат динамичен и стационарен карактер и збогатување на туристичката понуда со нови содржини од дефинираните локалитети туристички места и месности. Таа треба да даде основа за унапредување на селективните видови туризам на овој простор. Ова е во врска со динамичниот приод во креирањето на туристички производи и приспособување на потенцијалите кон конкурентност во настапот на туристичкиот пазар (Marinoski & Korunovski, 2012). Се очекува Студијата да биде искористена при туристичкото водење, презентирање на вредностите и нивна афирмација пред туристичката публика. Студијата треба да даде основа за донесување на Развојна програма, План за промоција и вклучување во современите дистрибутивни и букинг системи.

Постоењето на публикувани статии во рамките на студијата подразбира ревизија и критичко согледување на литературата, плански и други донесени документи што се однесуваат на одржливиот развој на туризмот, во сезонски рамки, на дефинираната просторна и временска определба на истражувањето. Посебно е важна анализата на современите тенденции во оваа област преку преглед и критичка анализа во други средини и услови со слични карактеристики. Тоа подразбира и утврдување на општите карактеристики на селективни видови туризам за кои постојат развојни потенцијали на Пелистер и општината во целина. Користењето на оваа методологија подразбира користење на добри практики применливи во општината Битола и Пелистер. Тоа треба да овозможи практична поддржаност на зацртаните развојни претпоставки кои треба да се предвидат како очекуван резултат на истражувачките активности во Студијата.

Методологијата на истражувањето во рамките на изработката на Студијата се заснова и на прибирање секундарни показатели и релевантни параметри за добивање на сознанија за развојните движења на туризмот. Тие се резултат на користење на релевантни индикатори што се публикувани пред сè од Државниот завод за статистика во областа на туризмот и угостителството, како и показателите кои се содржани во извештаи, билтени и официјални публикации на национално, регионално и локално ниво.

Врз основа на прибирањето на податоци, преку овој истражувачки пристап се реализира сумирање на резултати со што се овозможува согледување на актуелните состојби во оваа област. Добиените секундарни резултати овозможуваат и аналитички пристап во согледувањето на евентуалните проблеми. За оваа цел е употребен аналитичкиот пристап преку вкрстување на податоците и примена на соодветни техники. Притоа, применета е и анализа на определените развојни сегменти на окружувањето, согледувањето на идентификуваните состојби и можностите за развој.

Утврдените состојби, појави и односи поврзани со развојот на екотуризмот и резултатите од анализите, претставуваат основа за дефинирање на идните преземања во насока на подобрување на развојните можности. Ова се однесува како на летниот, така на зимскиот туризам.

Примарните истражувања се реализираа со интервјуа, консултации и соработка со претставници од општината, националниот парк, бизнис секторот, невладиниот сектор и државните служби кои го познаваат овој простор и туристичката проблематика во него. Со тоа се овозможи сондирање на ставовите, мислењата и активностите кои ги преземаат овие институции во насока на креирање на стратешки пристап кон развојот на екотуризмот во насока на намалување на сезоналноста.

Посебно се важни теренските истражувања затоа што тие овозможија непосредно соочување со проблемите. Со непосредното согледување на природните и антропогените ресурси, општествените услови, рецептивните и комуникациските ресурси се идентификуваа условите за развој на екотуризмот во синергија со другите видови туризам. Притоа, сознанијата од терен овозможија класификацијата на туристичките ресурси како основа за нивно мапирање во функција на идентификување, валоризација и обележување на атрактивностите и вредностите во овој простор.

Резултатите од истражувањата беа јавно презентирани на два настани на кои присуствуваа засегнатите страни. Тие активно учествуваа во дискусиите и ги искажаа своите мислења и забелешки кои беа инкорпорирани во изработката на Студијата.

## 2. Основни определби, можности и карактеристики на екотуристичките активности

Екотуризмот претставува современа форма на туристичка алтернатива. Таа произлегува од суштествената потреба на човекот за враќање кон природата во услови кога под наплив на урбанизацијата и индустријализацијата доаѓа до потиснување на „чистата природа“. Тоа значи дека сѐ помалку се можностите да се биде во простор со автентични вредности во кои влијанието на човекот врз функционирањето на екосистемите не е нагласено. Според тоа, просторните целини во кои човекот не извршил влијание со кое ја загрозил еколошката рамнотежа претставуваат потенцијал за екотуристички активности.

Екотуристички атрактивни карактеристики има органското производство на храна и начинот на нејзиното подготвување и служење. Во овој контекст се наоѓаат автентични специјалитети на храна и пијалаци како „здава храна“. Ваков третман имаат и шумските плодови, богатството на ароматични чаеви и разновидни печурки. Развојот на овој вид туризам има рекреативни

карактеристики сврзани со движење и престој во природни предели богати со чист воздух и ретки егзотични средини.

Културниот карактер на екотуризмот е содржан во облагородувањето на личноста на посетителите преку посебноста на еколошките форми и содржини. Екотуризмот овозможува едукативни активности кои се однесуваат на запознавање со интеракцијата меѓу елементите на екосистемите и нивната стабилност. Преку престојот во рамките на овој туризам се овозможува средба со ретки појави и односи сврзани со карактеристиките на ваква животна средина. Екотуризмот овозможува научно - истражувачки активности кои ќе ги расветлат односите во специфичните животни средини.




Слика бр. 2 - Заштитни зони според Планот за управување на НП Пелистер 2021-2030 (Извор: План за управување на Националниот Парк Пелистер 2021-2030, Слика 16, стр. 139)

# 3. Основни карактеристики на туристичкиот развој на Битола

Развојот на туризмот во Општина Битола треба да се следи во последните десет години со оглед на тоа дека овој период се јавуваат екстерни влијанија. Имено, туризмот е подложен на влијанија какви што се општествените промени, појави на политички недоразбирања и посебно појавата на пандемијата COVID-19 која беше еден од на драстичните влијанија врз туристичките движења. Тој може да се согледа преку квалитативни и квантитативни анализи на туристичкиот промет, карактеристиките на структурните коњуктури, структурата и динамиката на сместувачките капацитети, односно нивниот обем. Во овој контекст е важно нивото на туристичка изграденост, реализираните приходи и балансот меѓу понудата и побарувачката во оваа дејност. Овие анализи овозможуваат да се согледаат нивоата на развој, да се проектира трендот на развој и тој да се определи во рамките на Пелагонискиот плански регион (ПеПР) и РСМ. Исто така, анализите од овој вид ни овозможуваат овој простор да се спореди со просторни целини во кои постојат позитивни трендови и развојот на туризмот во регионални и национални рамки.

## 3.1 Анализа на туристичкиот промет

Анализата на туристичкиот промет во овој единаесетгодишен период (2014-2024) ги опфаќа реализираните посети и престојот на домашните, странските и вкупниот број на туристи следен низ движења од година во година, преку верижни индекси. Исто така, овие индикатори ни овозможуваат да ги согледаме најдобрите и најслабите реализации на посетата и престојот.

Табела 1 - Посетеност и престој на домашни, странски и вкупно туристи во Општина Битола 2014-2024 со верижен индекс

| Год. | Домашни | | | | Странски | | | | Вкупно | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Број туристи | Индекс | Ноќевања | Индекс | Број туристи | Индекс | Ноќевања | Индекс | Број туристи | Индекс | Ноќевања | Индекс |
| **2014** | 12397 | 100.00 | 26889 | 100.00 | 13659 | 100.00 | 31559 | 100.00 | 26056 | 100.00 | 58448 | 100.00 |
| **2015** | 11129 | 89.77 | 21178 | 78.76 | 14383 | 105.30 | 30196 | 95.68 | 25512 | 97.91 | 51374 | 87.90 |
| **2016** | 11952 | 107.40 | 19308 | 91.17 | 15289 | 106.30 | 34026 | 112.68 | 27241 | 106.78 | 53334 | 103.82 |
| **2017** | 11520 | 96.39 | 18853 | 97.64 | 17545 | 114.76 | 46532 | 136.75 | 29065 | 106.70 | 65385 | 122.60 |
| **2018** | 12386 | 107.52 | 20997 | 111.37 | 22637 | 129.02 | 77168 | 165.84 | 35023 | 120.50 | 98165 | 150.13 |
| **2019** | 11659 | 94.13 | 20099 | 95.72 | 21272 | 93.97 | 55185 | 71.51 | 32931 | 94.03 | 77303 | 78.75 |
| **2020** | 7635 | 65.49 | 14264 | 70.97 | 3007 | 14.14 | 6535 | 11.84 | 10642 | 32.32 | 22819 | 29.52 |
| **2021** | 8322 | 109.00 | 15269 | 107.05 | 4965 | 165.11 | 12058 | 184.51 | 13287 | 124.85 | 29348 | 128.61 |
| **2022** | 9993 | 120.08 | 18680 | 122.34 | 10662 | 214.74 | 26515 | 219.90 | 20655 | 155.45 | 47217 | 160.89 |
| **2023** | 9058 | 90.64 | 14944 | 80.00 | 13134 | 123.19 | 28906 | 109.02 | 22192 | 107.44 | 45873 | 97.15 |
| **2024** | 10346 | 114.22 | 18546 | 124.10 | 13073 | 99.54 | 29422 | 101.79 | 23419 | 105.53 | 49992 | 108.98 |

Извор: МакСтат База на ДЗС, 2025 и сопствени пресметки

Табеларниот приказ (Табела 1) покажува дека постои неурамнотежена динамика на туристичкиот промет. Вкупниот број на туристи кои ја посетиле општината, од година во година се зголемува, сѐ до 2018 год. Просечната стапка на раст на годишно ниво (2014-2018) изнесува 7.97%. Како последица на пандемијата на COVID-19 од 2019 година доаѓа до драстично намалување, односно се прекинува динамичниот раст. Благо закрепнување на посетата се бележи во 2022 година. Средногодишната стапка на раст во периодот 2019-2024 година изнесува 5.12%, што е послаба динамика од посетата во почетниот анализиран период.

Скоро идентична развојна динамика покажува параметарот на престојот на вкупниот број туристи. Бројот на ноќевања од година во година до 2018 година бележи рапиден раст. Кардинален е резултатот во 2020 година во однос на претходната година поради пандемијата. Закрепнувањето е бавно и дисконтинуирано. Иако е реализиран благ пораст, тој е далеку пред реализацијата на ноќевања во 2018 година.

Структурните карактеристики на туристичкиот промет покажуваат дека скоро тројно поголема е реализацијата на странските посети и ноќевања во однос на онаа која ја реализирале домашните. Туристичката посетеност на домашните туристи до 2019 год. бележи нестабилна стагнација, за да во 2020 година достигне индекс од само 65,49 во однос на претходната година. Јасно дека се работи за последиците од пандемиската криза (Risteski & Nestoroska, 2024). Опоравувањето е бавно така што треба да се констатира дека најниски резултати се постигнати кај домашната посетеност, во однос на вкупниот број и бројот на странските туристи. Престојот на домашните туристи ја следи посетеноста, без поважни динамични движења.

За разлика од посетеноста и престојот на домашните туристи странската има резултати кои се во извесна смисла над ова ниво. Единствено за време на пандемијата на COVID-19 динамиката е под нивото на туристичкиот промет на домашните туристи. Таа посетеност е посебно нагласена во периодот до 2018 година. Опоравувањето е присутно но не е достигнато ниту нивото, ниту динамиката на раст во периодот 2014-2018 година. Слични се резултатите за странскиот престој. Бројот на ноќевања на странските туристи до 2018 година расте со просечна годишна стапка од 27,74%, додека од 2019 година до 2024 година со просечна стапка на раст од 25,41%.

Овие развојни индикатори и нивните движења се дадени во Графикон 1.

Графикон 1 – Динамика на бројот на посети и реализирани ноќевања на домашни, странски и вкупно туристи во Општина Битола (2014-2024 год.)




Извор: МакСтат База на ДЗС, 2025 и сопствени пресметки

За да се согледа местото кое општината Битола го има во реализираниот туристички промет во Пелагонискиот плански регион (ПеПР) и РС Македонија утврдено е процентуалното учество. Ова се однесува како на домашните, така и на странските туристички посети и ноќевања, односно нивниот вкупен број. Овие индикатори се дадени во табелата бр. 2 и графиконот бр. 2.

Табела 2 – Процентуално учество на бројот на домашни, странски и вкупно посети и ноќевања во Општина Битола, во однос на Пелагонискиот плански регион и РСМ (2014-2024 год.)

| | **Процентуално учество на бројот на туристи** | | | | | | **Процентуално учество на бројот на ноќевања** | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Год. | **% учество домаш. туристи Битола во ПеПР** | **% учество домаш. туристи Битола во РСМ** | **% учество странс. туристи Битола во ПеПР** | **% учество странс. туристи Битола во РСМ** | **% учество вкуп. бр. туристи Битола во ПеПР** | **% учество вкуп. бр. туристи Битола во РСМ** | **% учество домаш. ноќев. Битола во ПеПР** | **% учество домаш. ноќев. Битола во РСМ** | **% учество странс. ноќев. Битола во ПеПР** | **% учество странс. ноќев. Битола во РСМ** | **% учество вкуп. бр. ноќев. Битола во ПеПР** | **% учество вкуп. бр. ноќев. Битола во РСМ** |
| **2014** | 27.84 | 3.99 | 65.06 | 3.21 | 39.76 | 3.54 | 27.22 | 2.11 | 56.55 | 3.42 | 37.81 | 2.66 |
| **2015** | 27.52 | 3.37 | 66.67 | 2.96 | 41.14 | 3.13 | 20.18 | 1.56 | 57.14 | 2.91 | 32.56 | 2.15 |
| **2016** | 32.29 | 3.45 | 71.63 | 3.00 | 46.68 | 3.18 | 21.45 | 1.37 | 66.55 | 3.23 | 37.78 | 2.17 |
| **2017** | 30.26 | 3.13 | 68.87 | 2.78 | 45.74 | 2.91 | 20.20 | 1.27 | 67.99 | 3.59 | 40.42 | 2.36 |
| **2018** | 31.93 | 2.95 | 70.72 | 3.20 | 49.47 | 3.11 | 21.29 | 1.25 | 73.49 | 5.17 | 48.21 | 3.09 |
| **2019** | 27.65 | 2.73 | 69.37 | 2.81 | 45.21 | 2.78 | 19.50 | 1.19 | 68.59 | 3.50 | 42.12 | 2.37 |
| **2020** | 24.51 | 2.19 | 66.28 | 2.54 | 29.82 | 2.28 | 18.29 | 0.99 | 62.48 | 2.58 | 25.79 | 1.34 |
| **2021** | 25.54 | 2.04 | 52.38 | 1.69 | 31.59 | 1.89 | 18.66 | 0.93 | 51.56 | 1.80 | 27.89 | 1.27 |
| **2022** | 30.28 | 2.31 | 60.90 | 1.98 | 40.90 | 2.13 | 25.20 | 1.10 | 55.41 | 2.32 | 38.71 | 1.66 |
| **2023** | 25.15 | 2.08 | 62.58 | 1.79 | 38.93 | 1.90 | 20.10 | 0.86 | 52.93 | 2.05 | 35.57 | 1.46 |
| **2024** | 29.78 | 2.40 | 65.74 | 1.57 | 42.87 | 1.86 | 24.42 | 1.05 | 48.15 | 1.92 | 36.48 | 1.52 |
| **x̄** | **28.43** | **2.79** | **65.47** | **2.5** | **41.1** | **2.61** | **21.5** | **1.24** | **60.08** | **2.95** | **36.67** | **2.0** |

Извор: МакСтат База на ДЗС, 2025 и сопствени пресметки

Графикон 2 – Процентуално учество на туристичкиот промет на Битола во ПеПР и РСМ (2014-2024 год.)




Извор: МакСтат База на ДЗС, 2025 и сопствени пресметки

Од податоците во табелата бр. 2 и графиконот бр. 2 може да се види дека просечното учество на вкупниот број туристи кои ја посетиле Општина Битола изнесува 41.1% во прометот на ПеПР. Тоа значи дека се работи за релативно високо учество.

Ако го погледаме учеството на домашните туристи во посетеноста на ПеПР ќе забележиме дека тоа е под вредностите на вкупниот број посетители и изнесува 28,43 %. Се наметнува заклучок дека е неопходно туристичката понуда да се унапреди на домашен план. Учеството на странската посетеност на Општина Битола во ПеПР изнесува дури 65,47 % што значи дека преовладува учеството на странските туристи. Оваа околност може да се прифати како позитивна, бидејќи постои етаблиран пристап кон странската посетеност.

Што се однесува до учеството во туристичката посетеност на Општина Битола во РСМ, тоа е симболично и се движи во рамките од 2.5% (домашни) до 2,79 % (странски). Тоа отвора простор за унапредување на посетеноста во национални рамки.

Слични се учествата и кај остварените ноќевања. Просечното учество на ноќевањата на домашните туристи во ПеПР изнесува 21.5%, а во РСМ симболични 1.24%. За разлика од тоа, странскиот престој е забележително поголем. Тој, во овој период изнесува просечно 60.08% (во ПеПР), односно 2.95% (во РСМ). Ваквото драстично учество на остварените ноќевања на домашните туристи во Битола упатува на тоа дека треба да се преземат мерки кои ќе овозможат унапредување на туристичката понуда структурирана на барањата на домашните туристи (промоција на национален план, организирање школи во природа, календар на манифестации од национален ранг, бизнис форуми, натпревари од различни области) (Nestoroska et al., 2019).

Просечниот престој го изразува односот меѓу остварените ноќевања и бројот на туристички посетители. Овој однос упатува на нивото на усогласеност меѓу туристичката побарувачка и туристичката понуда. Должината на престој овозможува унапредување на туристичката

потрошувачка, а што се одразува на зголемување на приходите на давателите на услуги, односно квалитетот на живот во Општина Битола.

Табела 3 – Просечен престој на домашни, странски и вкупниот број туристи во Општина Битола (2014-2024 год.)

| Година | Домашни туристи | Странски туристи | Вкупно туристи |
|---|---|---|---|
| **2014** | 2.17 | 2.31 | 2.24 |
| **2015** | 1.90 | 2.10 | 2.01 |
| **2016** | 1.62 | 2.23 | 1.96 |
| **2017** | 1.64 | 2.65 | 2.25 |
| **2018** | 1.70 | 3.41 | 2.80 |
| **2019** | 1.72 | 2.59 | 2.35 |
| **2020** | 1.87 | 2.17 | 2.14 |
| **2021** | 1.83 | 2.43 | 2.21 |
| **2022** | 1.87 | 2.49 | 2.29 |
| **2023** | 1.65 | 2.20 | 2.07 |
| **2024** | 1.79 | 2.25 | 2.13 |
| **x̄** | **1.8** | **2.44** | **2.22** |

Извор: Сопствени пресметки според податоци на МакСтат База, ДЗС, 2025

Графичкиот приод ги изразува како движењата, така и односите кои се јавуваат во структурата на должината просечниот престој.

Графикон 3 – Просечен престој на домашни, странски и вкупниот број туристи во Општина Битола (2014-2024 год.)




Извор: Сопствени пресметки според податоци на МакСтат База, ДЗС, 2025

Од податоците претставени во табелата број 3 и графиконот број 3 може да се утврди дека просечниот престој на вкупниот број туристи во Општина Битола во периодот од 2014 до 2024 година изнесува 2.22. Должината на престој на странските туристи (2.44) е поголема од онаа која што ја остваруваат домашните туристи (1.8). Тоа значи дека треба приоритетно да се унапреди туристичката понуда која што подолго ќе ги задржи домашните туристи. Ова посебно се однесува

на ценовната политика, анимациите, школите во природа, екскурзиите, манифестациите со национален предзнак (Коруновски и др., 2014). Ваквиот приод се однесуваа и на зголемување должината на престој на странскиот туризам со почитување на аспирациите на овие туристи и современите тенденции во туристичката побарувачка на меѓународен план.

## 3.2 Анализа на емитивни држави

Структурата на странскиот туристички промет по државна припадност овозможува да се направи анализа на постојните и потенцијалните туристички пазари. На овој начин се определуваат емитивните земји. Оваа анализа го опфаќа последниот тригодишен период кој е најрелевантен затоа што се однесува на пост-COVID состојбите.

Табела 4 - Рангирани емитивни држави според просечниот број на туристи и ноќевања реализирани во Општина Битола (2014-2024 год.)

| **Рангирање според просечниот број на туристи кои ја посетиле Битола 2014-2024** | | | **Рангирање според просечниот број на реализирани ноќевања во Битола 2014-2024** | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Држава** | **Број на туристи $\bar{x}$** | **Ранг** | **Држава** | **Број на ноќевања $\bar{x}$** | **Ранг** |
| Србија | 1514 | **1** | Австралија | 3502 | **1** |
| Грција | 1386 | **2** | Србија | 3480 | **2** |
| Австралија | 903 | **3** | Украина | 3206 | **3** |
| Турција | 847 | **4** | Грција | 2115 | **4** |
| Германија | 780 | **5** | Турција | 1907 | **5** |
| Албанија | 765 | **6** | Германија | 1865 | **6** |
| Бугарија | 765 | **7** | Романија | 1391 | **7** |
| Франција | 520 | **8** | Бугарија | 1390 | **8** |
| Словенија | 428 | **9** | Словачка | 1177 | **9** |
| Италија | 421 | **10** | Хрватска | 1084 | **10** |
| Хрватска | 394 | **11** | Албанија | 996 | **11** |
| С А Д | 387 | **12** | С А Д | 979 | **12** |
| Романија | 363 | **13** | Унгарија | 978 | **13** |
| Украина | 332 | **14** | Словенија | 968 | **14** |
| Шведска | 331 | **15** | Италија | 942 | **15** |

Извор: Сопствени пресметки според податоци на МакСтат База, ДЗС, 2025

Според рангирањето на посетеноста во последните 10 години може да се воочи дека се издвоени емитивни земји кои претставуваат стандардни посетители од странство. Посебно тоа се однесува на првите 10 земји. Слична е состојбата и со реализираните ноќевања од страна на странските туристи.

Анализата на посетеноста покажува дека водечка емитивна земја е Србија која просечно годишно реализирала 1514 туристи. Тоа се однесува пред се на туристичката посетеност. На второ место е

Грција, а на трето Австралија. Србија и Грција се земји со кои се граничи РСМ. Близината на Турција и националната приврзаност кон ликот и делото на Кемал Ататурк се причина да биде дел од најблиската емитивна зона. Затоа е потребно да се подготвува посебна туристичка промоција за Турција. Австралија иако територијално е најоддалечената земја, бројот на иселеници од Битола ја прават да биде интересна во поглед на туристичката побарувачка. Затоа е неопходно да се искористат традиционалните врски на овие емитенти за да може и понатака Австралија да биде земја со приоритетно значење на туристичкиот пазар. Ова се оправдува и со добиените резултати од анализата на туристичкиот престој во која Австралија има водечка позиција. Украина има релативно послаба посетеност, но релативно високо ниво на престој. Тоа се должи на воените дејствија во оваа земји и појавата на емиграции што значи дека сместувачките капацитети биле во функција на згрижување на овие емигранти кои главно не можат да се подведат како туристи. Но затоа, останатите држави во оваа табела ги определуваат традиционалните пазари.

## 3.3 Анализа на сезоналноста на туристичкиот промет

Сезоналноста во туризмот претставува најголем проблем од проста причина што постои голема контрадикција помеѓу туристичката побарувачка и туристичката посетеност. Овој проблем се јавува во вид на недостатоци кои во екотуризмот се одразуваат преку прекумерна оптовареност на капацитетите, а во вонсезоната отсуство на активности. Ова отсуство има директен одраз на рентабилноста на работните процеси и одржувањето не само на објектите, туку и окружувањето како еколошка компонента.

Посебен проблем претставува вработувањето и ангажирањето на сезонска работна сила што има не само економски, туку и социјални последици. Тие заедно се одразуваат на квалитетот на понудата и степенот на задоволство како кај давателите, така и кај корисниците на услугите.

Табела 5 - Сезоналност на домашни, странски и вкупно туристи во Општина Битола (2022-2024 год.)

| Месец | Број на домашни туристи | Број на странски туристи | Вкупно туристи |
|---|---|---|---|
| **2022M01** | 1096 | 315 | 1411 |
| **2022M02** | 811 | 310 | 1121 |
| **2022M03** | 765 | 483 | 1248 |
| **2022M04** | 605 | 537 | 1142 |
| **2022M05** | 649 | 941 | 1590 |
| **2022M06** | 706 | 1039 | 1745 |
| **2022M07** | 1021 | 1833 | 2854 |
| **2022M08** | 995 | 1349 | 2344 |
| **2022M09** | 798 | 1499 | 2297 |
| **2022M10** | 766 | 1069 | 1835 |
| **2022M11** | 757 | 755 | 1512 |
| **2022M12** | 1024 | 532 | 1556 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **2023M01** | 872 | 458 | 1330 |
| **2023M02** | 618 | 395 | 1013 |
| **2023M03** | 692 | 661 | 1353 |
| **2023M04** | 537 | 743 | 1280 |
| **2023M05** | 927 | 1430 | 2357 |
| **2023M06** | 531 | 1371 | 1902 |
| **2023M07** | 827 | 2004 | 2831 |
| **2023M08** | 1010 | 2184 | 3194 |
| **2023M09** | 909 | 1953 | 2862 |
| **2023M10** | 627 | 936 | 1563 |
| **2023M11** | 592 | 541 | 1133 |
| **2023M12** | 916 | 458 | 1374 |
| **2024M01** | 992 | 473 | 1465 |
| **2024M02** | 581 | 285 | 866 |
| **2024M03** | 776 | 399 | 1175 |
| **2024M04** | 703 | 874 | 1577 |
| **2024M05** | 675 | 1357 | 2032 |
| **2024M06** | 692 | 1958 | 2650 |
| **2024M07** | 806 | 1904 | 2710 |
| **2024M08** | 938 | 1535 | 2473 |
| **2024M09** | 871 | 1687 | 2558 |
| **2024M10** | 911 | 1241 | 2152 |
| **2024M11** | 1133 | 819 | 1952 |
| **2024M12** | 1268 | 541 | 1809 |

Извор: Сопствени пресметки според податоци на МакСтат База, ДЗС, 2025

Графикон 4 - Сезоналност на домашни, странски и вкупно туристи во Општина Битола (2022-2024 год.)




Извор: Сопствени пресметки според податоци на МакСтат База, ДЗС, 2025

Од табеларниот преглед бр. 5 и графичкиот приказ бр. 4 се гледа посетеноста има сезонски карактер. Посебно ова се однесува на вкупниот број туристи и на странските посетители. Преовладува посетеноста во летниот дел од годината, додека во останатиот дел имаме релативно

пониски вредности. Вон очекување е дека најслаби резултати се реализирани во зимскиот дел од годината или во периодот од декември до февруари, што делува парадоксално.

Табела 6 - Сезоналност на домашни, странски и вкупно ноќевања во Општина Битола (2022-2024 год.)

| Месец | Број на домашни ноќевања | Број на странски ноќевања | Вкупно ноќевања |
|---|---|---|---|
| **2022M01** | 1989 | 790 | 2779 |
| **2022M02** | 1347 | 787 | 2134 |
| **2022M03** | 1168 | 1403 | 2571 |
| **2022M04** | 957 | 1332 | 2289 |
| **2022M05** | 1289 | 2339 | 3628 |
| **2022M06** | 1561 | 2193 | 3754 |
| **2022M07** | 2478 | 4150 | 6628 |
| **2022M08** | 2739 | 3104 | 5843 |
| **2022M09** | 1443 | 3240 | 4683 |
| **2022M10** | 1270 | 4020 | 5290 |
| **2022M11** | 1085 | 1802 | 2887 |
| **2022M12** | 1354 | 1355 | 2709 |
| **2023M01** | 1652 | 1149 | 2801 |
| **2023M02** | 989 | 934 | 1923 |
| **2023M03** | 1126 | 1770 | 2896 |
| **2023M04** | 904 | 2015 | 2919 |
| **2023M05** | 1400 | 3171 | 4571 |
| **2023M06** | 854 | 2358 | 3212 |
| **2023M07** | 1556 | 4858 | 6414 |
| **2023M08** | 1797 | 4608 | 6405 |
| **2023M09** | 1523 | 3976 | 5499 |
| **2023M10** | 970 | 1736 | 2706 |
| **2023M11** | 898 | 1227 | 2125 |
| **2023M12** | 1275 | 1104 | 2379 |
| **2024M01** | 2079 | 1093 | 3172 |
| **2024M02** | 1075 | 528 | 1603 |
| **2024M03** | 1241 | 927 | 2168 |
| **2024M04** | 1173 | 2247 | 3420 |
| **2024M05** | 1108 | 2562 | 3670 |
| **2024M06** | 1056 | 3313 | 4369 |
| **2024M07** | 1430 | 4116 | 5546 |
| **2024M08** | 1674 | 3272 | 4946 |
| **2024M09** | 1412 | 2915 | 4327 |
| **2024M10** | 1940 | 2721 | 4661 |
| **2024M11** | 1903 | 3475 | 5378 |
| **2024M12** | 2455 | 2253 | 4708 |

Извор: Сопствени пресметки според податоци на МакСтат База, ДЗС, 2025

Графикон 5 - Сезоналност на домашни, странски и вкупно ноќевања во Општина Битола (2022-2024 год.)




Извор: Сопствени пресметки според податоци на МакСтат База, ДЗС, 2025

Од табеларниот преглед бр. 6 и графичкиот приказ бр. 5 може да се види дека состојбата на туристичкиот пред престој одговара на туристичката посетеност во поглед на сезоналноста. Најниско ниво е реализирано во зимскиот дел од годината. Нормално е да се очекува во зимско - спортските центри како доминантен контрактивен простор посетеноста и престојот да бидат поизразени во овие месеци (Marinoski et al., 2014). Тоа упатува на потреба од подобрување на туристичката понуда во зимскиот дел од годината.

## 3.4 Анализа на угостителски капацитети

Угостителските капацитети по обем и динамика покажуваат ниво на развој кој се темели на изградба и опремување во овој сектор. За да можеме да ги следиме овие параметри направена е анализа на објекти за сместување и сервисни дејности со храна во Општина Битола во последниот 10 годишен период (2014-2023 год.).

Табела 7 – Динамика на бројот на објекти за сместување и сервисни дејности со храна во Општина Битола и нивно процентуално учество во рамките на ПеПР и РСМ (2014-2023 год.)

| | **Битола** | Индекс база 2014 | **ПеПР** | Индекс база 2014 | **РСМ** | Индекс база 2014 | **% учество Битола во ПеПР** | **% учество Битола во РСМ** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **2014** | 246 | 100 | 488 | 100 | 4493 | 100 | 50.41 | 5.48 |
| **2015** | 241 | 97.97 | 484 | 99.18 | 4535 | 100.93 | 49.79 | 5.31 |
| **2016** | 213 | 86.59 | 473 | 96.93 | 4559 | 101.47 | 45.03 | 4.67 |
| **2017** | 216 | 87.80 | 476 | 97.54 | 4627 | 102.98 | 45.38 | 4.67 |
| **2018** | 215 | 87.40 | 474 | 97.13 | 4597 | 102.31 | 45.36 | 4.68 |
| **2019** | 221 | 89.84 | 481 | 98.57 | 4777 | 106.32 | 45.95 | 4.63 |
| **2020** | 211 | 85.77 | 473 | 96.93 | 4694 | 104.47 | 44.61 | 4.5 |
| **2021** | 214 | 86.99 | 471 | 96.52 | 4679 | 104.14 | 45.44 | 4.57 |
| **2022** | 204 | 82.93 | 459 | 94.06 | 4704 | 104.70 | 44.44 | 4.34 |
| **2023** | 213 | 86.59 | 470 | 96.31 | 4765 | 106.05 | 45.32 | 4.47 |

Извор: Статистички годишници на РС Македонија (2015-2024), ДЗС на РСМ

Графикон 6 – Процентуално учество на бројот на објекти за сместување и сервисни дејности со храна во Општина Битола во рамките на ПеПР и РСМ (2014-2023 год.)




Извор: Статистички годишници на РС Македонија (2015-2024), ДЗС на РСМ

Од табеларниот преглед бр. 7 и графичкиот приказ бр. 6 може да се воочи дека во овој 10-годишен период присутна е релативна стагнација во движењата на капацитетите за сместување и сервисни дејности со храна. Имено, највисока застапеност е забележана во 2014 година (246) за потоа да дојде до релативно намалување за да во 2023 година се регистрираат 213 објекти што индекс на намалување од 86,59. Овие движења се слични со движењата на ПеПР што е нормално со оглед на високото учество на Битола што го има во него. Меѓутоа, загрижува што динамиката на движење на овие објекти е во нагорна линија во РСМ што значи дека Општина Битола заостанува во овој поглед. Тоа може да се види и во намаленото учество што го има Битола во РСМ.

Угостителските капацитети развојната димензија ја содржат и во поглед на опфатот на категоризирани објекти. Значењето на категоризацијата има повеќе функционални карактеристики. Нивото на квалитет зависи од категоријата што ја поседува и примената на минимално - техничките услови, вработеноста, опременоста и услугите. Исто така, кога се склучуваат договори категоријата е важна за да се преземаат и соодветните обврски. На пример, не може на гостинот да му се понуди пониско ниво на категорија од онаа која се договорила за користење на услуги. Категоријата има важна промотивна димензија затоа што во современите системи на електронско користење на информации високо категоризираните објекти ќе имаат приоритетно значење.

Затоа, се пристапи кон анализа на обемот на категоризираните хотели и ресторани. Тие се дадени табеларно и графички и се претставени во апсолутни бројки и процентуално учество.

Следната табела и графикон го дава обемот на категоризирани хотели.

Табела 8 - Број на категоризирани хотели – Општина Битола

| **Категорија на хотелот (со број на ѕвезди)** | **Број** |
|---|---|
| 2* | 3 |
| 2* супериор | 2 |
| 3* | 11 |
| 3* супериор | 1 |
| 4* | 3 |
| **ВКУПНО** | **20** |

Извор: Регистар на категоризирани угостителски објекти – 22.03.2024

Графикон 7 - Процентуално учество на категоризираните хотели во Општина Битола (според бројот на ѕвезди)




Извор: Регистар на категоризирани угостителски објекти – 22.03.2024

Бројот на категоризирани објекти е релативно низок во однос на регистрирани објекти. Исто така, карактеристично е дека нивото на квалитет не е на задоволително ниво. Од табеларниот преглед бр. 8 и графичкиот преглед бр. 7 може да се воочи дека преовладуваат објекти од 3 ѕвезди. Нивниот број изнесува 11, што значи учество од 55,0%. Капацитетите со 4 ѕвезди учествуваат со 15,0% Отсуствуваат повисоките категории што зборува за тоа дека се работи за релативно скромно ниво на застапеност на обемот и квалитетот на услугите. Екостандарди не се евидентирани. Оваа анализа ни покажува дека е неопходно да се зголеми обемот на капацитети, да се подобри квалитетот на услугите и да се воспостави систем на примена на екостандарди.

Анализата ги опфаќа и категоризираните ресторани кои се дадени во табела бр. 9 графикон бр. 8

Табела 9 - Број на категоризирани ресторани – Општина Битола

| Категорија на ресторанот (со број на ѕвезди) | Број |
|---|---|
| 3* | 4 |
| 4* | 2 |
| **ВКУПНО категоризирани** | **6** |

Извор: Регистар на категоризирани угостителски објекти – 18.11.2024

Графикон 8 - Процентуално учество на категоризирани ресторани во Општина Битола (според бројот на ѕвезди)




Извор: Регистар на категоризирани угостителски објекти – 18.11.2024

Добиените резултати за релативното ниско ниво на категоризирани објекти се однесува и на ресторанитe. Со 4 ѕвезди се категоризирани само 2 ресторана, а со 3 ѕвезди 4 ресторани. Вкупниот број евидентирани ресторани според евиденцијата на Општина Битола изнесува 46 (Извор: Листа на хотели, ресторани, пицерии и останати угостители во Општина Битола).

За развојот на екотуризмот и активниот туризам на Пелистер посебно се значајни сместувачките капацитети од мал обем. На територијата на Општина Битола постојат повеќе сместувачки

капацитети од ваков тип, но само неколку се лоцирани во просторот на Пелистер. Следната табела (Табела бр. 10) дава преглед на сместувачките капацитети од мал обем според локација, категорија, број на објекти и број на соби.

Табела 10 - Преглед на категоризирани сместувачки капацитети на територијата на Општина Битола

| Локација | Категорија (ѕвезди) | Објекти број | Број на соби |
|---|---|---|---|
| **Битола** | 1* | 6 | 19 |
| | 2* | 47 | 157 |
| | 3* | 5 | 11 |
| **Село Дихово** | 1* | 1 | 1 |
| | 2* | 4 | 13 |
| **Село Нижеполе** | 1* | 1 | 3 |
| | 2* | 7 | 13 |
| **Село Магарево** | 2* | 1 | 3 |
| | 3* | 1 | 4 |
| **Село Трново** | 2* | 1 | 4 |
| **Село Братиндол** | 2* | 1 | ≠ |
| **Село Буково** | 2* | 2 | 4 |

≠ евиденцијата не е извршена Извор: Категоризација на сместувачки капацитети од мал обем до 20 легла – Општина Битола

Од табеларниот преглед бр. 10 се гледа дека вкупниот број на категоризирани објекти од мал обем изнесува 77 објекти. Најголем број од нив се категоризирани со 2 ѕвезди, а најмал е бројот од категорија од 3 ѕвезди. Тоа зборува за ниско ниво на квалитет на сместувачките единиците што се совпаѓа и со ниското ниво на спроведена категоризација во однос на бројот на објекти.

Се работи за мошне ниско ниво на категоризирани објекти. Неопходно е да се изврши посебна категоризација и примена на екостандарди, не само во хотелите, туку и во рестораните.

# 4. Современи трендови во туризмот и карактеристики на екотуризмот

Современите трендови во туризмот и карактеристиките на екотуризмот треба да се набљудуваат како во општи рамки, така и во селективна смисла. Тоа подразбира дека се неопходни сознанија за движењата во Светот и издвоените карактеристики во посебни туристички просторни целини.

## 4.1 Глобални развојни трендови во туризмот

Глобалните развојни трендови во туризмот се важна компонента во креирањето на политиките и мерките поврзани со развојот на оваа дејност во Општина Битола и Националниот парк Пелистер. Тие треба да се искористат за да се добијат позитивни резултати. Недостигот на фактори од овој контекст може да има негативни ефекти. Поради тоа најзначајните трендови во Европа и во светски рамки воопшто, се патоказ кој треба да се има предвид при програмирањето на развојните процеси во овие просторни рамки.

Трендовите кои се идентификувани се потпираат на анализите презентирани во релевантна публикација на меѓународната консултантска компанија за состојбите во туризмот и угостителството McKinsey & Company. Таа ги дава карактеристиките за туризмот и угостителството како трендови присутни во 2024 година (McKinsey & Company, 2024).

Туризмот беше еден од најтешко погодените сектори од COVID-19, при што изгуби околу 75% од приходите во 2020 година. Сепак, зголемениот интерес за патување после пандемијата од 66% кај анкетираните лица во повеќе земји низ светот, придонесува туризмот брзо да се опорави од падот и да покаже виталност и отпорност, така што до крајот на 2024 год. ќе ги достигне резултатите на глобално ниво од 2019 година (McKinsey & Company, 2024). Очекувањата се дека и во просторот на општина Битола и Пелистер ќе се реализираат вакви резултати.

Во структурата на туристичката побарувачка се предвидува пораст на домашниот туризам. Тој до 2030 година ќе покрие 75% од туристичката потрошувачка на светско ниво. Овој тренд секако треба да ја насочи и зајакне понудата кон домашните туристи. Исто така, потребно е да се вложат напори за отворање на нови содржини кои во услови на поделеност на Балканот во повеќе национални пазари, понудата на Општина Битола и Пелистер треба да се трансформира како регионална понуда во меѓународни рамки.

Кога се работи за сегментирање на побарувачката според преференциите по старосни групи, во извештајот се потенцира дека помладите генерации „миленијалци“ (тоа е генерацијата родена помеѓу 1981 – 1996 година и се нарекува и „генерација Y“) и „генерацијата Z“ (родените помеѓу 1997 - 2012) повеќе преферираат патувања споредено со повозрасните генерации, а притоа алоцираат и повеќе средства за ваква намена. Тие повеќе преферираат доживувања и не бараат висок комфор во сместувањето. Тие целосно (92%) се инспирираат од социјалните мрежи кога ги планираат нивните патувања. Ваквата диференција на возрасни групи не ги вклучува само годините на возраст, туку и менталниот склоп и психофизичкото подобрување во генерациска смисла. Овој тренд подразбира дека насоченоста на туристичката понуда на Општина Битола треба да биде кон овој вид на понуда.

Глобално најважните емитивни сфери за туризам (outbound tourism) се Индија, Југоисточна Азија и Источна Европа, за кои се предвидува дека ќе растат со стапка од 9% на годишно ниво до 2030 година (McKinsey & Company, 2024). Ова треба да се има предвид при креирањето на дистрибутивните системи и пласманот на туристичките производи на овој простор.

Состојбите во поглед на концентрацијата на туристи покажува дека туристичката посетеност се лоцира во масовниот туризам. Анализите покажуваат дека 80% од туристите посетуваат само 10% од светските туристички дестинации. Тоа ја наметнува потребата од ефикасен дестинациски менаџмент (DMO) кој треба да се справи со прекумерниот, масовен туризам. Ваквата концентрација се манифестира со појава на гужва, преоптоварување на локалната инфраструктура, оштетување на природните и културните ресурси и општо загрозување на животната средина во туристичката дестинација (Korunoski & Risteski, 2023). Во функционална смисла неопходно е збогатување на туристичката понуда на Општина Битола и Пелистер што ќе продуцира дисперзија во туристичката посета.

Извештајот на ОЕЦД за туристичките трендови и политики за 2024 година ги истакнува предизвиците поврзани со актуелните туристички трендови (*OECD Tourism Trends and Policies 2024*):

- *Закрепнување од COVID-19 кризата* покажува отпорност по пандемијата. Сепак, тоа е нерамномерно во различни региони и земји и се појавуваат нови предизвици, а тоа се новите геополитички тензии, економските притисоци и климатските промени.
- *Предизвици за одржливост*: Сè повеќе се зголемува свеста за еколошките и социјалните влијанија на туризмот, што доведува до притисок за воспоставување на изразито одржливи туристички практики. Креаторите на туристичките политики ја препознаваат потребата да се балансира понудата со побарувачката. Тие треба да одат паралелно со зачувувањето на животната средина и благосостојбата на локалната заедница.

Овој простор има силен потенцијал во ова насока на развој затоа што Националниот парк Пелистер претставува простор со традиционален интерес за заштита на животната средина и зголемување на приходите од туризам.

Анализата на современите текови според документите на меѓународните институции и организации синтетизира неколку **групи на предизвици** кои ја даваат сликата за меѓународниот туризам денес, и тоа:

- **Економска нестабилност и закрепнување** од COVID-19 како и економска несигурност поради глобалните економски флуктуации, како и геополитичките тензии, што резултира со сериозни нарушувања и неусогласености во секторот и големи загуби на приходите. Ова претставува проблем за туризмот со бавно ниво на разрешување во што се вклучува и предметниот простор.
- **Социјалните и културните влијанија** се карактеристични со зголемен притисок врз туристичките дестинации. Тоа исфрли на површина некои социјални прашања како што се сатурација на просторот, културна комерцијализација и раселување на локалните заедници поради зголемувањето на трошоците за живот.
- **Технолошкиот напредок и дигитализацијата** условуваат од сите вклучени во туризмот да се прилагодат на современите трендови. Тоа се однесува на испораката на услуги, што пак е предизвик за традиционалните туристички бизниси особено во делот на работењето на туристичките агенции.
- **Урбанизацијата и развојот на инфраструктурата** вршат притисок врз комуналните системи, барајќи значителни инвестиции во транспортот, сместувањето и јавните услуги. Сместувањето и дистрибуцијата на туристите не смеат негативно да се одразат врз квалитетот на животот на локалното население.
- **Влијанието врз животната средина и климатските промени** претставуваат фактор на зголемување на емисиите на јаглерод диоксид, искористувањето на ресурсите, уништувањето на природните хабитати и деградацијата на туристичките локалитети со природно и културно наследство.

## 4.2 Трендови во екотуризмот и активниот туризам

Трендовите во екотуризмот и активниот туризам треба да се согледаат преку карактеристиките на туристичкиот пазар. Тоа подразбира анализа на движењата во туристичката понуда, побарувачка и потрошувачка од овој вид на селективни форми.

### 4.2.1 Преглед на пазарот

**Глобалниот пазар за екотуризам доживува брз раст**, поттикнат од зголемената еколошка свест и побарувачката за одржливо патување. Вреднуван на 210,4 милијарди американски долари во 2023 година, се предвидува дека пазарот ќе достигне 829,8 милијарди долари до 2035 година,

растејќи со **средногодишната стапка на раст (СГСР) од 11,7% (2024-2035)**. Растот е поттикнат од зголемениот интерес за уникатни дестинации каков што треба да биде случајот со Општина Битола и Пелистер и влијанието на социјалните медиуми врз трендовите на патувањата. Сепак, инфраструктурните предизвици и грижите за одржливост претставуваат пречки. Ова се однесува и на анализираниот простор. Се очекува јавно - приватните партнерства да создадат нови можности во општината и националниот парк.

Пазарните трендови подразбираат ширење на пазарот и влијанија кои овозможуваат настап на различни сегменти во екотуризмот. Во таа смисла многу е важно да се следи промената на однесувањето на потрошувачите и поддршката од владата и приватниот сектор. Тие треба да бидат фактор на дисперзија во сместувањето и оптимално користење на туристичките услуги.

Современите трендови подразбираат издржана сегментација на корисниците на услугите на туристичкиот пазар. Во оваа смисла важно е да се имаат предвид: Сегменти на туристи, возрасните групи, каналите на продажба и типови на активности.

Во врска со **сегментите на туристите во 2023 година доминираат туристи кои патуваат во групи, но индивидуалните патувања растат со 16,9% СГСР (2020-2030)** што значи дека нивното учество во иднина ќе се зголемува. Тие треба да се имаат во предвид при настапот на туристичкиот пазар.

**Што се однесува на возрасните групи во 2023 година генерацијата Y го предводеше пазарот, но се предвидува дека генерацијата Z ќе расте најбрзо**. Затоа е важно оваа популација да има приоритетно значење во третманот на сегментацијата.

**Современиот тренд кој ги опфаќа каналите на продажба покажува дека туристичките агенции растат со СГСР од 11,9 %. Директните резервации во 2021 година доминираат со 60 % удел на пазарот. Карактеристично е и тоа дека резервациските пазарни системи растат со 16,4% СГСР.** Затоа во иднина треба да се имаат предвид такви коњуктури на туристичкиот пазар.

Во врска со движењата на приходите според типот на активности карактеристично е дека копнениот екотуризам во чии рамки спаѓаат и посетите на националните паркови во 2021 година генерирал 70% од приходите.

Како тенденција на **туристичкиот пазар на екотуризмот карактеристично е дека и во иднина водечка улога ќе има Европа** што упатува на поволност околност за пласман на производи од овој вид.

### 4.2.2 Клучни трендови во екотуризмот

Регенеративниот туризам подразбира учество на посетители кои бараат искуства со позитивни влијанија врз локалните заедници и животната средина. Ова подразбира користење на традиционалното гостопримство и респект кон екотуризмот во овој простор. Миленијалците

(генерацијата Y) и генерацијата Z даваат приоритет на одржливоста, влијаејќи на туроператорите да се насочат кон регенеративен туризам.

Современиот тренд на неутрализиран јаглероден простор подразбира дека туристите преферираат еконрифатливи сместувања и транспорт. За овој простор тоа се почетни предизвици кои треба да се реализираат во наредниот период.

„Вклучувачкото“ (immersive) и „бавното“ (slow) патување во просторот претставува можност за продолжен престој кој афирмира културни и еколошки ангажмани, што може да биде препознатливо за оваа дестинација.

Трендот за интерес за дестинации надвор од воспоставените тури подразбира афинитети на туристите за помалку познати локации со богат биодиверзитет. Општината Битола и Пелистер се контактибилен простор со опкружувањето, така што треба да се искористи во креирањето на туристичката понуда.

Велнесот и дигиталната детоксикација (Wellness & Digital Detox Retreats) подразбира усогласеност меѓу екотуризмот и патувањето фокусирано на велнес. Имајќи го предвид поширокото значење на велнес овој простор отвора можности за релаксација, освежување, закрепнување и рехабилитација. Мирот и тишината и усогласеноста на звуци и тонови со визуелната хармонија упатува на потреба од отсуство на користење современи дигитални средства.

Патувањата за запознавање на локалната заедница се поттикнати од зголемената побарувачка за автентични културни искуства кои се од корист на локалните заедници. Мултиетничката и традиционалната култура се препознатливи за населението на Општина Битола (Korunovski et al., 2019).

Современите тенденции на динамиката на пазарот при упатуваат на сублимирање на важни препораки кои Општина Битола и Националниот парк Пелистер треба да ги имаат при развојот на екотуризмот. Неопходно е да се даде фокус на одржливоста, интеграција на технологијата, да се решат предизвиците кои произлегуваат од влијанијата на туризмот врз животната средина, да се разрешат инфраструктурните празнини и проблеми и да се воспостави јавно – приватно партнерство како ефикасен модел за справување со предизвиците.

### 4.2.3 Клучни трендови во активниот туризам

Во рамките на екотуризмот посебно место зазема активниот туризам. Тој подразбира взаемна поврзаност на екосвеста на туристите кои ги фаворизираат одржливите активности на отворено. Тоа е во согласност со понудата на овој простор.

Екотуризмот својата релација со активниот туризам ја наоѓа во атрактивната база која е заштитена и која единствено може да се користи само со развој на вакви форми на сегментација. Современите трендови на **активниот туризам покажуваат дека во Европа е покриен со 60% од**

**европските туристи**. Развојот на овој вид туризам претставува значајна ставка во развојот на локалните економии затоа што околу 2/3 од потрошувачката останува во самата дестинација. Според релевантни извори (ATTA – Adventure Travel Trade Association) **дневната потрошувачка во активниот туризам изнесува во просек 350 евра** што претставува забележителна реализација во однос на други видови туризам.

Генерацијата Y имаат поголема веројатност да тестираат нови видови на искуства, според истражувањето на „Europe Assistance Ipsos“ од 2019 година. Импресивни 59% од европските генерации Y имале барем еден вид активно туристичко искуство (на пример престој во кабина во природа или кампување во автентична природа). Генерациите Y и Z туристи без деца се најверојатната група која ужива во напорните туристички активности (hard adventure).

**Во ЕУ земјите како Холандија, Шведска, Шпанија и Германија се најважни пазари за активен туризам поврзан со природата (набљудување на диви животни, фотосафари, пешачење, возење велосипед и набљудување птици)**. Голем дел од патниците во овие земји својот избор на дестинација го засноваат на атрактивноста на природната средина во дестинацијата. Овие патниците се исто така доста подготвени и финансиски способни да патуваат до дестинации во земјите во развој. Ваквите трендови се позитивна околност за развој на активниот туризам на Пелистер.

**Германските туристи (32%) претпочитаат активни одмори кои вклучуваат лесна активност.** Од лесните активности германските туристи претходно биле вклучени во пешачење (76%), кампирање (54%), одење по јаже на висина (36%). Од сите германски патници 5,5% претпочитаат патувања поврзани со спорт. Ова е над европскиот просек кој изнесува 4,4%.

Познато е дека Холанѓаните се многу активни патници, кои претпочитаат активности на отворено кога се на одмор. Холанѓаните имаат особено високи резултати на пазарите за возење велосипед и набљудување птици. **Повеќе од половината (54%) од сите холандски туристи го темелат изборот на дестинација според атрактивноста на природната средина.** Тоа е меѓу највисоките проценти во Европа и е многу повисок од европскиот просек од 43%.

Нешто **повеќе од половина (52%) од сите шведски туристи го засноваат својот избор на дестинациите со атрактивности на природната средина**. Ова е меѓу највисоките во Европа и многу од европскиот просек од 43%. Интерес за природата е особено висока кај жените и генерацијата Y (25-39 години).

**Според UNWTO, Обединетото Кралство го нуди најголемиот пазар за активен туризам во Европа, 19% од активните туристи во Светот**. Кај британските туристи, 40% претпочитаат активни одмори, а овој процент кај генерацијата Z е уште поизразен со 54%. Британските туристи претежно ги резервираат своите патувања преку туроператори и преферираат пакет аранжманите (78%) како опција која нуди поголема безбедност во активниот туризам.

# 5. Примери и практики на екотуризам во Европа и светот

Екотуризмот може да се дефинира како одговорно патување во природни подрачја што ја зачувува животната средина, го поддржува благосостојбата на локалните луѓе и вклучува едукација и интерпретација според The International Ecotourism Society (Honey, 1999). Во светски рамки, а посебно во европските држави екотуризмот претставува мост меѓу економските, еколошките и социјалните цели на Агендата 2030 на Обединетите нации и постигнувањето на поставените цели за одржлив развој: SDG 8, 11, 12, 13, 15 (https://sdgs.un.org/goals). Во рамките на државите на Европската Унија, екотуризмот има водечка улога во исполнување на заложбите за постигнување на одржлив развој во туризмот, истовремено поддржувајќи ги локалните заедници и заштитата и унапредувањето на природното и културното наследство (Коруновски, 2015).

Целите за одржлив развој се интегрираат во политиките на Европската Унија, додека екотуризмот е дел од пошироките заложби за одржлив развој. Целта за постигнување на климатски неутрална Европа до 2050 година преку прифатениот „зелен договор“ го поставува екотуризмот како значајно средство за декарбонизација на туристичкиот сектор. Во контекстот на развојот на туризмот во РС Македонија значајни се различните програми за развој на Европската унија.

Во поглед на развојот на туризмот на територијата на Пелистер и Општина Битола значајни се и примерите и практиките на екотуризмот кои се користат во Европа и светот.

Доколку се разгледуваат поединечните цели за одржлив развој (SDGs) поврзани со развојот на екотуризмот може да се утврдат повеќе добри практики кои може да претставуваат значаен модел за развој, односно имплементација на анализираниот простор, во адаптирана форма според расположливите можности.

Во оваа насока како значајни примери за постигнување на **SDG 8: Достојна работа и економски раст** може да се наведат заложбите во заштитените простори, односно националните паркови за вклучување на локалното население во различни одржливи форми на туризмот како што е екотуризмот:

- Во Националниот парк Плитвички Езера – Хрватска, **локалното население е вклучено во давањето на туристички услуги како туристички водичи и продажба на локални производи**. Освен што се овозможува да се зголеми локалната вработеност, дел од приходите се реинвестираат во заштитата на националниот парк.

- Во Финска, во Националниот парк Нууксио во Финска (Nuuksio) се обезбедуваат услови за работа за локалното население преку можноста за нивно **вклучување во одржување на пешачките патеки, мониторинг на биодиверзитетот и зачуваноста на одредени видови флора и фауна, како и нивно вклучување како едукатори** на посетителите на паркот. Со тоа се креираат сезонски и постојани работни места, како што се ренџери, едукатори и логистички персонал, со поддршка од државни и ЕУ програми за обука и сертификација.

- Локалното население може да биде вклучено и како **технички персонал, истражувачки кадар или како едукатори во заштитените подрачја**, како што е примерот за Националниот парк Доњана во Шпанија (Doñana).

- Иако воведувањето на обновливи извори на енергија во националните паркови повеќе оди во прилог на постигнување на SDG 13: Климатски акции, имплементацијата на системи и технологии за користење на обновливи извори на енергија како што се сончеви панели во визитор – центрите, се отвораат работни **можности за локалното население за нивна инсталација и одржување**, како што е примерот во Националниот парк Баварска Шума во Германија (Bayerischer Wald).

- Во насока на постигнување на SDG 8 претставува и поддршката на локалните земјоделци и занаетчии, како што се производителите на вино или маслиново масло во Националниот парк Чинкве Тере во Италија (Cinque Terre) **кои ги интегрираат своите производи во туристичката понуда**. Тоа не води само кон можности за дополнителна заработувачка и отворање на нови работни места, туку и се зачувуваат традиционалните занаети и нивните производи.

Целта за одржлив развој **SDG 11: Одржливи градови и заедници** се фокусира на создавање на одржливи, инклузивни, безбедни и отпорни градови и заедници. Во контекст на развојот на екотуризмот на Пелистер е и блискоста на градот Битола и на останатите населби во општината кои располагаат со бројни природни и културни потенцијали кои може да се вклучат во ваквите туристички развојни определби. Така, природните заштитени простори како што е просторот на Пелистер се поврзуваат и интегрираат со урбаните и руралните заедници, како што е Општина Битола . Следните добри практики може да се спомнат:

- Блиската соработка помеѓу заштитените природни простори и урбаните центри се овозможува со **развој на зелени коридори и патеки за пешачење и велосипедизам**. Урбаните жители се поврзуваат со природата преку воведувањето на зелена инфраструктура, како што е случајот во Националниот парк Саксонска Швајцарија во Германија (Sächsische Schweiz) што промовира одржлив транспорт, намалување на загадувањето, бучавата и гужвата преку намалено користење на превозни средства со внатрешно согорување.

- Во одредени национални паркови како што е Националниот парк Екрен во Франција (Écrins) визитор - центрите се градат од еколошки материјали, со **одржлив дизајн и употреба на енергетско ефикасни технологии**. Освен инсталирањето на соларни панели за добивање електрична енергија или за загревање, може да се инсталираат и системи за собирање на дождовницата што директно влијае на намалувањето на трошоците на ваквите центри, а делуваат и едукативно за локалното население и посетителите.

- Постигнувањето на целта SDG 11 - одржливи градови и заедници се однесува и на зголемената инклузивност и партиципативност на сите заедници. Во оваа насока се имплементираат различни програми за приспособување **на специјални патеки за пристапност на лица/посетители со попреченост**. Тоа се однесува и на воведување на едукативни програми за деца и постари лица. На вакви и слични начини се обезбедуваат услови за балансиран третман на ваквите лица и

заедници во поглед на посетата на природните заштитени простори. Добар пример за вакви практики претставува Националниот парк Њу Форест во Велика Британија (New Forest).

- Напорите за заштита и зачувување на природата се комбинираат со заштитата на локалните традиции и културни вредности. На ваков начин не само што ќе се **зачуваат традициите и традиционалните занаетчиски и стопански активности на локалното население**, туку се отвораат можности за развој на одржливиот и еколошкиот туризам и се јакне националниот и културниот идентитет на локалните заедници кои живеат во и околу заштитените природни простори. Како добар пример за вакви практики треба да се спомне Националниот парк Пирин во Бугарија каде туристите уживаат во традиционална храна и фестивали организирани од локалното население.

- Строгите **политики и практики за управување со отпадот, неговата селекција, рециклирање и забрани за користење на еколошки штетни материјали** (како што е пластиката) се користат во голем број на национални паркови и заштитени природни средини. Активностите за управување со отпадот иако спаѓаат повеќе во доменот на постигнување на SDG 12: Одговорна потрошувачка и производство, може да го најде своето место и во постигнување на одржливата цел 11. Имплементацијата и контролата на вакви строги практики постојат во соседните национални паркови со исто име - Татра (во Полска и Словачка) што е во функција и на едукацијата на посетителите и локалното население за имплементирање на вакви активности на управување со отпад што треба да резултира во почисти урбани средини и заедници.

Целта за одржлив развој **SDG 12: Одговорна потрошувачка и производство** се однесува на промовирање на одговорна потрошувачка и производство со цел да се намали отпадот. Може да се спомнат неколку добри практики во овој поглед:

- Во некои национални паркови како Гран Парадизо во Италија (Gran Paradiso) се воведува **забрана за пластични шишиња и пластични кеси за една употреба**. Посетителите често се информираат да носат свои шишиња за повеќекратна употреба, а се инсталираат/поставуваат и фонтани на повеќе места за пиење вода

- Друг начин на постигнување одговорна потрошувачка и производство е понудувањето на **локални производи на произведувачи од локалната заедница, како на пример органски мед, органско сирење, зачини, чаеви и слично**. Со тоа се намалуваат трошоците за транспорт, се намалува јаглеродниот отпечаток, се поддржува локалното производство и се поддржуваат локалите синџири за снабдување. Пример за примена на вакви практики претставува Националниот парк Хоге Велуве во Холандија (Hoge Veluwe).

- Рециклирањето и управувањето со отпад се постигнува преку **поставување на станици за рециклирање и компостирање на отпад**. Вакви практики се видливи во Националниот парк Бјеловешка Шума во Полска (Puszcza Białowieska).

**- Употребата на еко - етикети и еко - сертификати** на даватели на услуги на националните паркови во непосредното окружување (туристички агенции и угостителски објекти) претставува ефикасен начин за постигнување на одговорна потрошувачка и производство. Ваквите еко - етикети и еко -

сертификати се добиваат за исполнување на услови за енергетска ефикасност, намалување на отпадот и користење на одржливи материјали. Вакви примери се забележани во Националниот парк Сиера Невада во Шпанија (Sierra Nevada).

- Се врши едукација на посетителите и на локалното население во некои национални паркови преку **организирани работилници и предавања кои се однесуваат на намалување на отпадот и повторна употреба на материјали**. Пример за тоа претставува Националниот парк Дартмур во Велика Британија (Dartmoor).

Целта за одржлив развој **SDG 13: Климатски акции** својот фокус го става на преземањето на итни мерки за борба против климатските промени и негативните последици. Во продолжение се неколку примери кои служат како добри практики кои може да се применат во анализираниот простор:

- Се спроведуваат програми за регенерација на шумите и заштита на постојните дрвја, како што е случајот во Националниот парк Баварска Шума во Германија. Ваквите програми за заштита потоа се даваат како **едукативни тури на посетителите за влијанието на климатските промени** врз шумските екосистеми, а се промовираат пешачење и велосипедизам

- Употребата на **соларни панели во визитор - центрите за намалување на емисиите на јаглерoден диоксид** и други стакленички гасови во атмосферата беа веќе спомнати претходно, а може да се наведе и Националниот парк Пиренеи во Франција (Pyrénées).

- Некои национални паркови можат да служат како идеални простори за поставување на **станици и лаборатории за следење на климатските промени** врз природното окружување и чувствителните екосистеми. Во таа смисла, во Националниот парк Доњана во Шпанија (Doñana) се следат промените кои настануваат во мочуришните екосистеми и миграциските птици. Ваквите сознанија им се пласираат како едукативни тури и предавања на самите посетители.

- Посебно важна практика за борба против климатските промени претставува воведувањето на **превозни средства со електричен погон, како што се електрични автобуси и електрични велосипеди/тротинети** за пристап до заштитените простори. Вакви примери за климатски пријателски транспортни решенија се забележани во Националниот парк Триглав во Словенија.

Во националните паркови се одвиваат активности и понудуваат услуги во рамките на екотуризмот кои имаат најмал импакт врз природната средина, во согласност со постигнување на одржливата цел **SDG 15: Живот на копно**. Во оваа смисла треба да се спомнат:

**- Контролирани едукативни тури** со водичи во кои им се пренесува на посетителите важноста на зачувувањето на екосистемите и биодиверзитетот. Приходите често се употребуваат во програми за зачувување на загрозени видови и/или мониторинг на флората и фауната (Бјеловешка Шума во Полска).

- **Набљудувањето на дивиот свет со минимално влијание** врз екосистемите преку едукативни активности на посетителите за важноста од заштитата на ендемичните растенија и животни (Национален парк Пирин).

- Приходите од ваквите екотуристички активности кои вклучуваат набљудување на животните од безбедно растојание може да се вклучат и во **создавањето на коридори за безбедно движење на животните и рехабилитација на нивните живеалишта** (Национален парк Абрузо, Лацио и Молизе во Италија - d'Abruzzo, Lazio e Molise).

Табела 11 – Преглед на активности поврзани со екотуризмот и добри практики според целите за одржлив развој

| Цели на одржлив развој според ОН | Активности поврзани со екотуризмот | Примери за добри практики (национални паркови) |
|---|---|---|
| **SDG 8: Достојна работа и економски раст** | Вклучување на локалното население во давањето на туристички услуги како туристички водичи и продажба на локални производи | Плитвички Езера – Хрватска |
| | Ангажирање на локалното население во активности за одржување на пешачки патеки, мониторинг на биодиверзитетот и зачуваноста на одредени видови флора и фауна, едукатори | Нууксио во Финска (Nuuksio) |
| | Ангажирање на локалното население како технички персонал, истражувачки кадар или едукатори | Доњана во Шпанија (Doñana) |
| | Ангажирање на локалното население во инсталацијата и одржувањето на системи и технологии за користење на обновливи извори на енергија | Баварска Шума во Германија (Bayerischer Wald) |
| | Продажба на локални производи и услуги во туристичката понуда | Чинкве Тере во Италија (Cinque Terre) |
| **SDG 11: Одржливи градови и заедници** | Развивање зелени коридори и патеки за пешачење и велосипедизам за поврзување на урбани и рурални средини | Саксонска Швајцарија во Германија (Sächsische Schweiz) |
| | Користење одржлив дизајн и употреба на енергетско ефикасни технологии | Екрен во Франција (Écrins) |
| | Креирање специјално наменети патеки за пристапност на лица / посетители со попреченост | Њу Форест во Велика Британија (New Forest) |
| | Понуда на гастрономски специјалитети, организирање на фестивали /манифестации за презентирање на локалната традиција | Пирин во Бугарија |
| | Политики и практики за управување со отпадот, селекција, рециклирање и забрани за користење на еколошки штетни материјали | Татра (во Полска и Словачка) |
| **SDG 12: Одговорна потрошувачка и производство** | Забрана за користење на пластични шишиња и пластични кеси за една употреба | Гран Парадизо во Италија (Gran Paradiso) |
| | Поставување станици за рециклирање и компостирање на отпад | Бјеловешка Шума во Полска (Puszcza Białowieska) |
| | Употреба на еко - етикети и еко - сертификати од страна на даватели на услуги | Сиера Невада во Шпанија (Sierra Nevada) |
| | Организирање работилници и предавања за едукација за повторна употреба на материјали и намалување на отпадот | Дартмур во Велика Британија (Dartmoor) |

| | | |
|---|---|---|
| **SDG 13: Климатски акции** | Организирање едукативни тури на посетителите за влијанието на климатските промени | Баварска Шума во Германија |
| | Инсталација на соларни панели во визитор - центрите за намалување на емисиите на јаглероден диоксид и други стакленички гасови | Пиренеи во Франција (Pyrénées) |
| | Поставување на станици и лаборатории за следење на климатските промени и нивното влијание врз природната средина | Националниот парк Доњана во Шпанија (Doñana) |
| | Воведување на превозни средства со електричен погон (електрични автобуси и електрични велосипеди/тротинети) | Триглав во Словенија |
| **SDG 15: Живот на копно** | Контролирани едукативни тури со водичи за важноста на зачувувањето на екосистемите и биодиверзитетот. | Бјеловешка Шума во Полска |
| | Набљудување на дивиот свет со минимално влијание врз екосистемите од безбедно растојание. | Пирин во Бугарија |
| | Пренамена на приходите од едукативни тури за создавањето на коридори за безбедно движење на животните и рехабилитација на нивните живеалишта | Абрузо, Лацио и Молизе во Италија (d'Abruzzo, Lazio e Molise) |



Слика бр. 3 – Поглед кон врвовите на Пелистер (Фото: Иванчо Тошевски)

# 6. Анализа на локации со потенцијал за развој на летен и зимски туризам на Пелистер

Теренското истражување опфаќа утврдување на појави и односи во просторот детектирани како потенцијали, а кои од теориска и нормативно регулативна гледна точка се определени како фактори за развој на летниот и зимскиот туризам, што подразбира туризам во текот на целата година или ублажување на сезоналноста. Како основа за определување на локациите во рамките на дел од Националниот парк Пелистер кој припаѓа на Општина Битола и самата општина се: Планот за управување со НП ,,Пелистер“, Предлог просторниот план на НП Пелистер и Секторската студија - Туризам за Просторниот план на РСМ (2021 – 2040). Потенцијалите се определени со инвентаризацијата и валоризацијата на конкретните туристички ресурси и нивното лоцирање во рамките на пошироките просторни единици (Risteski, 2020).

Секторската студија определувањето на локациите го врши според туристичката критериумска основа за диференцијација на вредностите, при што покрај теренската просторна лоцираност упатува и на начините на користење и креирање на туристички, конкурентни туристички производи, кои се прифатливи на туристичкиот пазар (Risteski et al., 2012). Тоа подразбира избор на соодветни активности базирани на потенцијалите (Коруновски и др., 2023).

Најшироко ниво на локализација на туристичките потенцијали се содржани токму во Секторската студија - Туризам за Просторниот план на РСМ (2021 – 2040). Тие се наоѓаат во **Преспанско – Пелагонискиот туристички регион, односно во Зоната на Битолска Пелагонија**. Оваа зона е карактеристична по композитноста на просторот, во кој планинскиот и руралниот туризам, како и спомeничкото наследство претставуваат основа на вкупниот туристички развој (Marinoski et al., 2019b). Како **локалитети се определени Битола, Потпелистерски локалитети и Битолско Мариово**. Во зоната Битола издвоени се туристичките места и месности, односно локации: Битола, археолошки локалитет Хераклеа Линкестис, црква Св. Димитрија, Ајдар - Кади Џамија, Јени Џамија, Исхак Челеби Џамија, Еврејски гробишта, Саат кула, Офицерски дом, с. Велушина, с. Породин, река Драгор, граничен премин Меџитлија (ОТП: културен, активен АП: градски, споменички, манифестациски, верски, рурален, спортски ВП: транзитен ПР: Битола). Потпелистерскиот локалитет ги опфаќа следниве туристички места и месности, односно локации: Нижеполе, с. Трново, Неолица, река Шемница, с. Дихово, с. Магарево, с. Цапари, с. Кажани, с. Ѓавато, с. Маловиште, с. Бистрица, с. Буково, с. Брусник, с. Орехово, езеро Стрежево, с. Гопеш (ОТП активен, културен, АП: рурален, планински, екотуризам ВП: излетнички ПР: с. Трново) и во локалитетот Битолско Мариово следниве: Скочивирска Клисура, Кајмакчалан, с. Новаци, Црна Река, с. Зовиќ - Чебрен, с. Старавина, с. Градешница, Селечка Планина, Брнички Водопад, с. Добрушево, с. Могила (ОТП: активен, културен АП: речен, планински, рурален , ВП: излетнички, ПР: с. Новаци.



Слика бр. 4 - Големо Езеро (Фото: Иванчо Тошевски)

**Во Секторската студија НП Пелистер, во регионална смисла има третман на заштитен простор од посебен интерес**. Тоа е просторна целина со двојна одговорност во управувањето. Во него има посебен режим на управување, односно припаѓа на регионални целини со кои управувањето и реализацијата на просторниот план е во надлежност на нивните управни органи со претставници на Министерството на животна средина и просторно планирање. Надлежноста на општината Битола во просторниот опфат, кој припаѓа на општината е во спроведувањето на јавниот општествен интерес како што е и во другите средини, при што мораат да се почитуваат мерките за заштита на животната средина и законското функционирање на паркот. Во Националниот Парк се издвоени следниве локации: Копанки, пелистерски езера, врв Пелистер, река Шемница, с. Маловиште (ОТП: активен, АП: планински, екотуризам ).

Планот за управување со НП Пелистер, Предлог просторниот план на НП Пелистер се усогласени во поглед на диференцијацијата на просторните единици. Тоа овозможува да се издвојат и соодветни туристички просторни целини, односно локации во функција на туристички активности.

Определувањето на локации, нивна инвентаризација и валоризација и утврдените активности се во согласност со предвидените норми за користење на просторот според дозволените активности во дефинираните зони на заштита на националниот парк.




Слика бр. 5 - Сместувачки капацитети според Планот за управување на НП Пелистер 2021-2030 (Извор: План за управување на Националниот Парк Пелистер 2021-2030, Слика 13, стр. 100)

# 7. Атрактивни вредности и нивно лоцирање на Пелистер

Пелистер претставува масив и највисок врв на планината Баба (Marinoski & Korunovski 2008). Најголемиот дел од површината на Паркот припаѓа на Општина Битола (Marinoski et al., 2017). Поради тоа постои потреба од согледување на атрактивните вредности за екотуризам кои припаѓаат на овој простор. Атрактивните фактори опфаќаат вредности кои имаат хетерогена природа. Поради тоа неопходно е анализата да ги опфати следниве природни и културни атрактивни компоненти. Тие се анализирани низ призма на атрактивност како засебна категорија,

нивна туристичка вредност локациска определба, форми, можности и поддршка за реализација на активностите. Бидејќи Студијата треба да ги согледа можностите за туризам преку целата година, при што акцент е ставен и на сезоната во која вредностите можат да се користат. Јасно е дека целосното дефинирање на проблемот често пати е сврзано и со некои други околности кои делуваат на развојот, поради што се ставени и определени забелешки за поблиско објаснување на карактеристиките на инвентаризацијата и валоризацијата. Како опфат за определување на вредностите на атрактивниот фонд анализата се однесува на следниве категоријални туристички развојни фактори: геолошки, тектонски и геоморфолошки; климатски; хидрографски; биогеографски и културни (Мариноски, 1997).



Слика бр. 6 – Пелистерски водопад (Фото: Иванчо Тошевски)

Со истражувањето се дојде до систематизирање на вредностите, така што преовладува едукативност и рекреативност. Локациски се реализира нивното влијание кое го имаат како дел од туристичката понуда. Исто така во туристичката понуда беа внесени некои појави и односи кои имаат исклучително значење не само од научна гледна точка туку и за образование и култура на посетителите. Табеларниот преглед ги диференцира активностите кои се врзуваат за атрактивната основа. Така се збогатува туристичката понуда како на поле на нивна афирмација како вредност така како промоција на уникатното природно наследство. За да можат активностите да се реализираат табелата конкретно по локации ги определува преземањата кои се неопходни за нивно активирање. Сезоналноста е обработена на начин да го утврди временскиот период кога атрактивностите можат да се користат. Со оглед на тоа дека секоја вредност за себе има посебни карактеристики нивните интерпретации се дадени како забелешки.



Слика бр. 7 – Мапирани локации на Пелистер од интерес за туристите

Табела 12 - Локации на Пелистер од интерес за туристите

| Локација | Шифра | Локација | Шифра |
|---|---|---|---|
| Инфо-центар | 1. | Камена река | 27. |
| Детско одморалиште | 2. | Камено море | 28. |
| Хотел Молика | 3. | Мала Ливада | 29. |
| Копанки | 4. | Мало Езеро | 30. |
| Широка | 5. | Маловишка Река - извор | 31. |
| Врв Пелистер | 6. | Неолица | 32. |
| Големо Езеро | 7. | Нижеполе – флувио-денудациона зарамнина | 33. |
| Скрково | 8. | Орлови Бари | 34. |
| Муза | 9. | Одморалиште - пат | 35. |
| Маловиште | 10. | Палиснопје | 36. |
| Кодра | 11. | Р'бет | 37. |
| Врв Стив | 12. | Раскрсница-Семафор | 38. |
| Врв Илинден | 13. | Ротинско Езеро | 39. |
| Врв Вртешка | 14. | Св. Петка Цапари | 40. |
| Врв Кодра | 15. | Св. Петка Маловиште | 41. |
| Врв Голема Чука | 16. | Св. Ана Маловиште | 42. |
| Врв Широко Стапало | 17. | Св. Спас Маловиште | 43. |
| Вистински Вир | 18. | Сапунџица - вал | 44. |
| Голема Ливада | 19. | Стара Бука | 45. |
| Горна Ливада | 20. | Трново - раседна долина | 46. |
| Дебел Рид | 21. | Туфари | 47. |
| Димитровско Езеро | 22. | Цапарска пресека | 48. |
| Ѓавато - превој | 23. | Црвени Стени | 49. |
| Јоргов Камен | 24. | Црвена Река - вал | 50. |
| Камен колиба | 25. | Видиковец | 51. |
| Кажани раседна долина | 26. | | |

Табела 13 - Инвентаризација и валоризација на туристички вредности

| Атрактивност | Локација | Пристапност | Зона на припаѓање | Вид на туристичка вредност | Активност на користење | Поддршка за реализација на активноста | Сезона | Забелешка |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **ПРИРОДНИ ВРЕДНОСТИ** | | | | | | | | |
| Пелистер како хорст | **На патот меѓу с. Кажани – с. Цапари, Инфо - центар** Подножје на планината, највисок врв |  | - БЗ<br>- ЗАУ | Едукативна | Разгледување<br>Предавања<br>Презентации | Проширување на патот – Одморалиште, место за понуда на локални производи и сувенири<br>Опремување со дидактичка опрема, IT симулација | Цела година | Треба да се истакне маркантноста и начинот на настанок во презентацијата и промоцијата |
| Пелистерски врвови | **Пелистер (2061 м.н.в.), Илинден (2542 м.н.в.), Стив (2468 м.н.в.)**, **Муза (2351 м.н.в.), Скрково (2146 м.н.в.),** Ветерница (2420 м.н.в.), Бојаџиев Врв (2331 м.н.в.), Висока Чука (2182 м.н.в.), Вртешка (2010 м.н.в.),<br>**На патот меѓу с. Кажани – с. Цапари** Инфо – центар |  | - БЗ<br>- ЗСЗ<br>- ЗАУ<br>- КЗ | Рекреативна | Алпинизам, Планинарење, Разгледување, Презентација | Обележување на врвовите и на патеки | Цела година | Куриозитетна содржина која ја изразува извонредната конфигурација на релјефот |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Вододелница меѓу Јадранско и Егејско Море (Бифуркација) | **Превалец Ѓавато**, Главен гребен, Неолица (1885 м.н.в.), Скрково (2146 м.н.в.), Муза (2351 м.н.в.), Орлов Врв (2285 м.н.в.), Вртешка (2010 м.н.в.) |  | - КЗ<br>- ЗАУ<br>- ЗОК | Едукативна, Рекреативна, | Планинарење, Предавања, Презентација | Обележување, Уредување | Цела година | Треба да се истакне значењето и посебно загрозената бифуркација како редок пример со меѓународно значење |
| Геолошки состав на Пелистер (палеозојски и тријаски формации) | Инфо - центар | / | / | Едукативна | Предавања | Создавање збирка на геолошки материјал за презентација, Опремување со дидактичка опрема, IT симулација | Цела година | Треба да се презентира тектониката поврзана со геологијата |
| Флувио - денудациони зарамнини | **Нижеполе,** Фосилна преграбенска Ѓаватска, Шемница Цапарска и Ротинска долина |  | - ЗОК | Едукативна, рекреативна | Разгледување, предавања | Обележување | Цела година | Да се прествави како форма на поврзаност на тектониката со ерозивните процеси |
| Синклинала и антиклинала и исчезнување на Пелагонискoто езеро | Инфо - центар | / | / | Едукативна | Предавања | Опремување со дидактичка опрема, IT симулација, | Цела година | Да се претстави геолошко - историскиот начин на настанок како куриозитет |
| Раседни зони со тектонски бречи | **Трново,** Инфо - центар, Кажани, Крстоар |  | - КЗ | Едукативна | Предавања | Опремување со дидактичка опрема, IT симулација, Обележување | Цела година | Акцент да се стави на куриозитетноста и значењето што го има во настанокот на релјефот |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Длабоко всечени долини тектонски предиспонирани | **Маловишка Река**, Инфо - центар, изворишен дел на Драгор | | - ЗОК<br>- ЗАУ<br>- ЗСЗ | Едукативна | Предавања | Опремување со дидактичка опрема, IT симулација, Обележување | Цела година | Да се истакне куриозитетноста и значењето што го има во настанокот на релјефот |
| Циркови | **Басени на Големото и Малото Езеро**, **Орлови Бари,** Инфо - центар | | - ЗСЗ | Едукативна | Предавања | Опремување со дидактичка опрема, IT симулација, Обележување | Пролет, лето и есен | Да се истакнат амбиенталните вредности и куриозитетноста во понудата и промоцијата |
| Валови | **Црвена Река и Сапунџица,** Инфо - центар | | - ЗСЗ<br>- ЗАУ | Едукативна | Предавања | Опремување со дидактичка опрема, IT симулација, Обележување | Пролет, лето и есен | Да се истакнат амбиенталните вредности и куриозитетноста во понудата и промоцијата |
| Камени реки - морени | **Просторот над Копанки,** Магаревска Река, Трновска Река, Инфо – центар | | - ЗСЗ<br>- ЗАУ | Едукативна, рекреативна | Предавања, Планинарење | Опремување со дидактичка опрема, IT симулација, Обележување | Пролет, лето и есен | Да се истакне реткоста и препознатливост а во понудата и промоцијата |
| Камени моришта | **Североисточна страна од врвот Пелистер во правец на врвот Стив,** Инфо - центар | | - ЗСЗ<br>- ЗАУ | Едукативна, рекреативна | Предавања, планинарење | Опремување со дидактичка опрема, IT симулација, Обележување | Пролет, лето и есен | Да се истакне неповторливо како плод на глацијалната ерозија и акумулација |
| Флувио-глацијални тераси | **Нижеполе**, Инфо - центар, Трново, јужно од селата Цапари и Маловиште | | | Едукативна | Предавања | Опремување со дидактичка опрема, IT симулација, Обележување | Пролет, лето и есен | Да се презентира флувијалната и глацијалната поврзаност |
| Туфари – тревнати могили | **Над ливадите кај Копанки** Инфо - центар, околу Пелистерски езера, висорамнините под врвот | | - ЗОК<br>- ЗАУ | Рекреативна, едукативна | Предавања, разгледување | Опремување со дидактичка опрема Обележување | Пролет, лето и есен | Да се истакне како редок куриозитет |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Слизнати блокови | **Инфо - центар,** сртот меѓу врвовите Стив и Илинден, просторот под врвот Пелистер, просторот кај камените реки (Црвени стени над Копанки, Магаревска Река, Трновска Река) |  | - ЗОК<br>- ЗАУ<br>- ЗСЗ<br>- БЗ | Едукативна | Предавања | Опремување со дидактичка опрема, IT Обележување | Пролет, лето и есен | Да се истакне како редок куриозитет |
| **КЛИМА** | | | | | | | | |
| Температурна инверзија | Инфо - центар (цел масив на височини од 880 до 2601 м.н.в.) | / | / | Рекреативна | Одмор и релаксација (leisure) | Презентација | Зима | Да се презентира како посебен куриозитет како позитивна појава за одмор, релаксација и здравствена функционалност |
| Осонченост | Инфо - центар (цел масив на височини од 880 до 2601 м.н.в.) | / | / | Рекреативна | Одмор и релаксација (leisure) | Презентација | Зима, лето | Да се истакне можноста за сончање и уживање во планински услови |
| Влажност на воздухот | Инфо - центар (цел масив на височини од 880 до 2601 м.н.в.) | / | / | Рекреативна | Одмор и релаксација (leisure) | Презентација | Цела година | Да се презентира како позитивна појава за одмор, релаксација и здравствена функционалност |
| Свежина | Инфо - центар (цел масив на височини од 880 до 2601 м.н.в.) | / | / | Рекреативна | Разгледување, одмор и релаксација рехабилитација | Презентација | Лето | Да се презентира како позитивна појава за одмор, релаксација и здравствена функционалност |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Снежна покривка | **Копанки, Нижеполе, Скрково, Муза,** Црна Стена - Неолица |  | - ЗСЗ<br>- ЗАУ | Рекреативна, спортска | Зимски активности и спортови, Разгледување | Реконструкција на објект, трасирање и опремување на ски-патеки | Зима | Да се има предвид за спортови на снег посебно во контактната зона (скијање, ски - искачување, ски – трчање), |
| Проветреност - чист воздух | Инфо - центар (цел масив на височини од 880 до 2601 м.н.в.) | / | / | Рекреативна | Одмор и релаксација (leisure) | Урбана опрема | Цела година | Да се презентира како позитивна појава за одмор, релаксација и здравствена функционалност |
| **ХИДРОГРАФИЈА** | | | | | | | | |
| Постојани глацијални езера | **Големо и Мало Езеро**, Димитровско Езеро, Инфо - центар |  | - ЗСЗ | Рекреативна, едукативна, | Разгледување, Предавања, Планинарење | Обележување Опремување со дидактичка опрема, IT симулација | Пролет лето, есен | Да се истакне начинот на настанок и амбиентални вредности како промотивна и куриозитетна категорија |
| Периодични и повремени езера | **Орлови Бари**, езеро „8“, езеро Болница и две помали езера јужно од езерото Болница, Инфо - центар |  | - ЗСЗ | Рекреативна, едукативна, | Разгледување, предавања, планинарење | Обележување Опремување со дидактичка опрема, IT симулација,ж | Пролет и есен | Да се истакне начинот на настанок како промотивна и куриозитетна категорија |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Реки | **Црвена Река, Шемница (Маловишка Река), Сапунџица,** Магаревска Река, Манастирска Река, Мала Корија, Стара Бука, Тапо Боте, Цапарска Река, Ротинска Река, Оро Речиште, Боројца, Инфо - центар |  | - ЗОК<br>- ЗАУ<br>- ЗСЗ | Рекреативна, едукативна | Разгледување, планинарење, предавања | Обележување, Опремување со дидактичка опрема | Пролет лето, есен | Да се нагласи значењето на водите, нивните амбиентални вредности во промотивна смисла како дел од понудата |
| Извори на реките | **Изворите на реките Црвена Река, Шемница (Маловишка Река), Сапунџица,** Инфо - центар |  | - ЗАУ<br>- ЗСЗ | Рекреативна, едукативна | Разгледување, планинарење, предавања | Обележување, Опремување со дидактичка опрема | Пролет лето, есен | Да се нагласи значењето на изворите во промотивна смисла како дел од понудата |
| | | | | **ФЛОРА** | | | | |
| Алги | Инфо - центар | / | / | Едукативна, научна | Предавања, истражувања | Опремување со дидактичка опрема | Цела година | Да се создаде збирка за презентација и да се објасни функционалноста во животната средина |
| Габи | Инфо - центар | / | / | Едукативна, научна | Предавања, истражувања | Опремување со дидактичка опрема | Цела година | Да се создаде збирка за презентација и да се објасни функционалноста во животната средина |
| Алпски и бореални вриштини | Од двете страни на реките Сапунџица и Црвена Река, на Широка и по падините околу Мала и Голема Чука, и инфо - центарот | / | / | Рекреативна, едукативна, научна | Предавања, разгледување, истражувања | Обележување, Опремување со дидактичка опрема | Пролет лето, есен | Да се истакне просторот на протегање и карактеристиките што ги има |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Смрека | Под Јоргов Камен и над селото Цапари (под Кале) и Инфо - центарот | / | / | Рекреативна, здравствена, научна | Разгледување, рехабилитација, истражувања | Обележување | Пролет лето, есен | Да се истакне просторот на протегање и карактеристиките што ги има |
| Букова шума | Мала и Голема Чука (над Маловишка Река) од двете страни на Маловишка Река , во горниот тек на Манастирска Река, по западните падини на Бел Камен, источно ориентирани падини под врвот Маркова Врата, левиот брег на Цапарска Река во горниот дел од текот. По северните падини на Вртешка, локалитетот Маркова Кула, како и на локалитетот Кичикот, под врвот Муза, Широка, над селото Кажани | / | / | Рекреативна, здравствена, научна | Разгледување, истражувања | Обележување | Пролет лето, есен | Да се истакне значењето на прочистување на воздухот, засенувањето, етеријата и амбиенталните карактеристики |
| Шуми со даб – плоскач | Кажанско Коривче, Инфо - центар | / | / | Рекреативна, научна | Разгледување, предавања, истражувања | Обележување, Опремување со дидактичка опрема | Пролет лето, есен | Да се истакне значењето на прочистување на воздухот, засенувањето, етеријата и амбиенталните карактеристики |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Молика | Околу врвот Пелистер, од Широка на запад, преку Палиснопје на север, до Нижеполе и Јоргов Камен на исток и Инфо - центар | / | / | Едукативна, рекреативна, здравствена, научна | Предавања, разгледување, рехабилитација, истражувања | Обележување, Опремување со дидактичка опрема, | Пролет лето, есен | Да се потенцира како ендемски вид со изразите куриозитетност, препознатливост на Пелистер, да се истакне значењето на прочистување на воздухот, засенувањето, етеријата и амбиенталните карактеристики |
| Слатководно живеалиште на непроточна вода | **Орлови Бари**, **Големо Езеро, Мало Езеро** езеро „8“, езеро Болница и две помали езера јужно од езерото Болница , Инфо - центар |  | - ЗСЗ | Едукативна, научна | Предавања, истражувања | Обележување, Опремување со дидактичка опрема | Пролет лето, есен | Да се издвојат примероци како дел од збирка за презентација |
| Слатководно живеалиште на проточна вода | Водени токови, Инфо - центар | / | / | Едукативна, научна | Предавања, истражувања | Обележување, Опремување со дидактичка опрема | Пролет лето, есен | Да се издвојат примероци како дел од збирка за презентација |
| Природни тревнати површини-пасишта | Инфо - центар, бачила, угостителски објекти | / | - ЗОК<br>- КЗ | Рекреативна, стопанска, едукативна, научна | Разгледување, гастрономија, Предавања, истражувања | Обележување, Опремување со дидактичка опрема, локални производи | Пролет лето, есен | Бачила во контактна зона и зона на одржливо користење |
| Висока тревна вегетација | Во долините на водните текови или шумски рабни заедници (од 1280 до 2180 м.н.в.), Инфо - центар | / | / | Рекреативна, стопанска, едукативна, научна | Разгледување, гастрономија, Предавања, истражувања | Обележување, Опремување со дидактичка опрема, локални производи | Пролет лето, есен | Да се издвојат примероци како дел од збирка за презентација |
| Ливади | Рамничарски ливади - Кажани, Ротино, Цапари и Нижеполе, Инфо - центар | / | / | Рекреативна, стопанска, едукативна, научна | Разгледување, гастрономија, предавања, истражувања | Обележување, Опремување со дидактичка опрема, локални производи | Пролет лето, есен | Да се истакнат можностите за пикници |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Вегетација на тресени блата и мочуришта | **Во алпскиот дел на Големо и Мало Езеро**, Инфо - центар |  | - ЗСЗ | Едукативна, научна | Предавања, истражувања | Обележување, Опремување со дидактичка опрема | Пролет лето, есен | Да се издвојат примероци како дел од збирка за презентација |
| Блатна вегетација околу извори и потоци | **Изворите на реките Црвена Река, Шемница (Маловишка Река), Сапунџица,** Инфо - центар |  | - ЗАУ<br>- ЗСЗ | Едукативна, научна | Предавања, истражувања | Обележување, Опремување со дидактичка опрема | Пролет лето, есен | Да се издвојат примероци како дел од збирка за презентација |
| **ФАУНА** | | | | | | | | |
| Терестрични безрбетници | Инфо - центар | / | / | Едукативна, научна | Предавања и истражувања | Опремување со дидактичка опрема | Цела година | Да се издвојат примероци како дел од збирка за презентација |
| Водни макро-инвертебрати | Инфо - центар | / | / | Едукативна, научна | Предавања и истражувања | Опремување со дидактичка опрема, IT симулација | Цела година | Да се издвојат примероци како дел од збирка за презентација |
| Риби | Инфо - центар, рибници и угостителски објекти | / | / | Едукативна, стопанска, научна | Предавања, риболов, гастрономија, истражувања | Опремување со дидактичка опрема, локални производи | Цела година | Да се истакне ендемскиот карактер на Пелагониската пастрмка |
| Водоземци | Инфо - центар, Мало Езеро | / | / | Едукативна, научна | Предавања, истражувања | Опремување со дидактичка опрема | Пролет лето, есен | Вкупно 12 (планински мрморец) да се создаде збирка за презентација |
| Влекачи | Инфо центар | / | / | Едукативна, научна | Предавања, истражувања | Опремување со дидактичка опрема | Пролет лето, есен | 32 вида, да се создаде збирка за презентација |
| Птици | Видиковци, Мало Езеро, Инфо - центар, излетнички места | / | / | Рекреативна, едукативна, научна | Разгледување, предавања, истражувања | Опремување со дидактичка опрема | Цела година | 116 видови (5 исчезнати) да се користат за фотосафари и да се истакне значењето и на оние видови кои исчезнале |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Цицачи | Шумски комплекси, Инфо - центар | / | / | Рекреативна, едукативна, научна | Разгледување, предавања, истражувања | Опремување со дидактичка опрема | | 47 видови да се користат за фотосафари и да се истакнат мечката и рисот како препознатливи категории |
| **КУЛТУРНИ ВРЕДНОСТИ** | | | | | | | | |
| **МАТЕРИЈАЛНО НАСЛЕДСТВО/ НЕДВИЖНО** | | | | | | | | |
| **Споменици** | | | | | | | | |
| Религиозна архитектура Христијански споменици - цркви | **Св. Петка с. Маловиште**, Св. Великомаченик Димитрија во с. Магарево, Св. Великомаченик Ѓорѓија с. Магарево, Св. Димитрија с. Дихово, Св. Петка с. Нижеполе, Св. Никола с. Ротино, Св. Великомаченик Георгиј с. Цапари, Инфо - центар |  | - ЗОК<br>- КЗ | Споменичка, религиска, едукативна, научна | Разгледување, религиозни активности, предавања, истражувања | Обележување, опремување со дидактичка опрема | Цела година | (предлог за заштита) Креирање на патеки по религиозни споменици |
| Религиозна архитектура Исламски споменици - џамии | Џамија с. Трново Џамија с. Нижеполе Инфо - центар |  | - КЗ | Споменичка, религиска, едукативна, научна | Разгледување, религиозни активности, предавања, истражувања | Обележување опремување со дидактичка опрема | Цела година | (предлог за заштита) |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Профана архитектура | Куќата на Ванку на Папе с. Маловиште (заштитена), 15 куќи во с. Трново, 12 куќи во с. Магарево, 66 куќи во с. Дихово, 24 куќи во с. Нижеполе, 56 куќи во с. Ротино, 116 куќи во с. Цапари, Инфо - центар | | - ЗОК<br>- КЗ | Споменичка, етнографска, стопанска, едукативна, научна | Разгледување, настани, угостителство, предавања, истражувања | Обележување опремување со дидактичка опрема, адаптација за туризам и угостителство | Цела година | (предлог за заштита) Реновирање и адаптација во угостителски и сместувачки капацитети |
| Индустриско наследство | Млин во с. Дихово, фабрика за текстил во с. Магарево, Инфо - центар | | - КЗ | Етнографска, едукативна | Настани, предавања | Обележување опремување со дидактичка опрема | Цела година | (предлог за заштита) Презентација на индустриски капацитети |
| **Комплекси на градби** | | | | | | | | |
| Манастири во и околу селата | Манастир Св. Ана с. Маловиште, **Манастир Св. Петка с. Цапари** (заштитен со решение), Манастир Св. Богородица во с. Трново, Инфо - центар | | - ЗОК<br>- КЗ | Споменичка, религиска, етнографска, едукативна, научна | Разгледување, религиозни активности, настани, предавања, истражувања | Обележување опремување со дидактичка опрема, адаптација за туризам и угостителство | Цела година | (предлог за заштита) Креирање на патеки по религиозни споменици, Реновирање и адаптација во угостителски и сместувачки капацитети |
| **Споменички целини** | | | | | | | | |
| Заштитена рурална споменичка целина (РСЦ) | **с. Маловиште**, Инфо - центар | | - ЗОК<br>- КЗ | Амбиентална, етнографска, едукативна, научна | Разгледување, настани, предавања, истражувања | Обележување опремување со дидактичка опрема, | Цела година | Организирање на настани и манифестации |
| Зона на посебна заштита на рурална споменичка целина според конзерваторски основи на ПП | с. Дихово, Инфо - центар | | - КЗ | Амбиентална, етнографска, едукативна, научна | Разгледување, настани, предавања, истражувања | Обележување опремување со дидактичка опрема, | Цела година | (предлог за заштита) Организирање на настани и манифестации |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Зона на ограничена заштита на рурална споменичка целина според конзерваторски основи на ПП | с. Нижеполе, с. Трново, с. Магарево и с. Цапари, инфо - центар |  | - КЗ | Амбиентална, етнографска, едукативна, научна | Разгледување, настани, предавања, истражувања | Обележување опремување со дидактичка опрема, | Цела година | (предлог за заштита) Организирање на настани и манифестации |
| **НЕМАТЕРИЈАЛНО (ДУХОВНО) НАСЛЕДСТВО** | | | | | | | | |
| Саем на локални производи и погранични средба | с. Трново |  | - КЗ | Етнографска, стопанска | Настани, продажба | Опремување | лето | Сертифицирање и презентација како локални производи |
| Прослава на Богојавление – Водици, Прослава на Св. Ана | с. Маловиште |  | - ЗОК | Религиозна, етнографска | настани | Обележување | зима | Промоција како настан со духовен карактер и како осветување на сите води |

БЗ – Бафер зона (Заштитен појас)
ЗАУ – Зона на активно управување
ЗОК – Зона на одржливо користење
ЗСЗ – Зона на строга заштита
КЗ – Контактна зона (Зона непосредно до границите на НПП)

Во табеларниот преглед бр. 12 геонаследството е презентирано во сите негови форми. Во таа смисла негова карактеристика е што тоа не е доволно вклучено во туристичката понуда и што неговите вредности како туристичка атрактивност не се искористени. Нивната презентација низ форми на едукативни содржини со примена на ИТ технологии и дидактички средства како и со симулации треба да се одвива во Инфо - центарот и со помош на теренско обележување.



Слика бр. 8 - Врвови на Пелистер (Фото: Михаел Ристески)

Климатските услови претставуваат доминантна вредност во сезонската посетеност. Така, климата добива пиетет на посебно изразена рекреативност и на здравствена исполнетост на посетителите. Климата исто така има и промотивно значење од типот на бели „дробови на регионот“.

Опфатот на хидрографијата е насочен кон две значајни компоненти, а тоа се рекреативноста и уникатноста на атрактивностите. Во тој поглед посебно се значајни „пелистерските очи“, реките и изворите. Како забележително откритие кое излезе од истражувањето е бифуркацијата кај преминот Ѓавато.



Слика бр. 9 - Бифуркација кај Ѓавато (Фото: Михаел Ристески)

Во табеларниот преглед е интерпретирано флористичкото богатство и диверзитетот како дел од туристичката понуда низа призма на можни начини на користење. Шумските состоини се со висока репутација. Нивната вредност се однесува на како на уникатноста, така и на етеријата, засенувањето и образовно - научните туристички можности. Едукативни вредности има и тревната вегетација, а не е за занемарување и флористичкото значење на алгите и габите кои воопшто не се вклучени во туристичката понуда. Фауната е претставена низ родовски специфичности. Користењето на фотосафари, научното значење на ретките видови и заштитата како парадигма на вредноста на природата и туристичкото користење се истакнати во табелата. Презентацијата на културните вредности се врзува за контактната зона и зоната на одржливо користење на НПП. Нивните туристички вредности имаат пред сѐ етнографски карактеристики и рурално - туристички содржини (Marinoski et al., 2019b). Користењето на вишокот станбен простор во овие населби претставува фактор на проширување на туристичката понуда во областа на сместувањето и угостителските услуги.



Слика бр. 10 – Слизнати блокови на Пелистер (Фото: Иванчо Тошевски)




Слика бр. 11 - Систем на патеки во НП Пелистер како картографска основа за внесување нови туристички содржини (Извор: www.openstreetmap.org)

# 8. Спроведени интервјуа и работилници со претставници од туристичкото стопанство

Во рамките на истражувањето беше неопходно да се добијат податоци од сите засегнати страни. До вакви податоци се дојде со примена на интервју, прашалник и консултации. Со оглед на тоа дека се работи за специфични сознанија на исто така релативно тесен круг кој може да ги даде, валидноста на податоците има поголемо значење. Овие примарни истражувања се извршени на соодветен начин со непосредна комуникација и со организација на работилници по овие прашања.

## 8.1 Резултати од спроведените интервјуа и консултации

При спроведувањето на интервјуто се сакаше да се постигне целта која е јасно зацртана и да се добие општа слика за состојбите во поглед на туристичкиот развој, потенцијалите за еко и активен туризам, комуналната инфраструктура и поврзаност, одржливоста и еколошките предизвици, маркетингот и партнерствата, како и идната визија и препораките на засегнатите страни. Интервјуто е структурирано и се однесува на општи ставови и мислења кои се однесуваат на сите интервјуирани учесници. Исто така поставени се прашања кои се однесуваат само на определени селективни познаватели на приликите од засегнатите страни. Тоа опфаќа шест посебни категории на испитаници. Тие се определени според институционалниот карактер и дејноста што ја обавуваат.

Прашањата како систематизација се дадени со посебно утврден облик кој е даден во следниот прилог.

| |
|---|
| **Дел 1: Општа слика** |
| **Која е вашата улога во однос на Националниот парк Пелистер и развојот на туризмот?** |
| *Форми на соработка* |
| Најголемиот дел од испитаниците одговориле дека постои соработка и таа е најнагласена со бизнис секторот (угостителски услуги за посетителите на паркот, водење групи туристи). |
| *Искуства.* |
| Преовладуваат позитивни искуства во соработката, но сепак се бележат и негативни како што е на пример наплатата за влез во НПП. |
| *Реализирани проекти со клучните засегнати страни.* |
| Забележани се бројни успешно реализирани проекти како на пример: промотивни материјали во туристички публикации, мапи, изработка на информативни пакети, организирани промотивни тури, набљудување на диви животни и конзервација на Молика, пред адвентуре самит Охрид, обуки, куќарка над Брајчино, историска патека, парцела за ревитализација на Молика, секој турист садеше дрво, слично со Маврово. |
| **Дали сте вклучени во организација и спроведување на еко/активен туризам во регионот?** |
| Најголемиот број на испитаници имаат учество во еко и активен туризам во регионот преку различни содржини (скијање, џип сафари, водење на туристи во мали групи, организирање на пикници со еко предзнак).<br>Испитаниците биле носители на ваквите активности. |
| **Како би го опишале моменталниот статус на туризмот во Пелистер?** |
| *Оценка (скала од 1-5), објаснување.* |
| Сите испитаници се определиле дека управувањето со одржливиот туризам во НПП е лошо (оцена 2). Тоа се објаснува со проблеми во: инфраструктура, особено во зимски услови, незавршени проекти со отпадни води, проект за Молика и колекторски систем кој е направен само до Детско одморалиште, појави на неконтролирана посетеност, отсуствува маркетинг и промоција, обука на локалното население и НВО, предрасуди дека туристи дека не би биле добредојдени. Тоа резултира со најниско ниво на туристичка посетеност на НПП споредено со другите планински туристички центри во државата. |
| *Како туризмот на Пелистер еволуираше во последните 5-10 години? (подобро, полошо, остана исто), објаснување.* |
| Во поглед на трендот на туризмот во НПП мислењата се поделени, односно просечно се констатира дека туризмот останал на исто ниво во последните години.<br>Причините се различни, од ставовите кои се однесуваат на позитивни примери како служењето на традиционална храна, кампањите „Дискавер Македонија“, како и вклучувањето на патот до антена како посебна бафер зона, како и заеднички настап на НПП со локалните даватели на услуги на саеми.<br>Како причина за негативните ставови се наведува слабата организираност особено во летниот период. |

**Кои се главните еколошки предизвици со кои се соочува Пелистер поради туризмот?**

*Управување со отпад, ерозија, прекумерен туризам, нарушување на диверзитетот.*

Преовладува мислењето дека управувањето со отпадните води и сметот е најгорлив проблем. особено тоа се однесува на целосната поврзаност во рамките на колекторскиот систем, како и временската неусогласеност на подигањето сметот.
Проблем претставува и нарушувањето на биодиверзитетот со хербални стопански и туристички активности (собирање на билки и плодови). Недоволната уреденост на просторот со сигнализација за неговото користење.
Има мислења дека туристите водат грижа за еко состојбите во паркот и не оставаат негативен отпечаток на Пелистер.

*Стандарди*

Од стандардите се споменува само законската регулатива на третманот на НПП.

**Како моментално се управува или регулира одржливиот туризам во паркот?**

*Оценка (скала од 1-5), објаснување.*

Средна оценка е 2.66, што значи дека се работи за релативно ниско ниво, со ставови дека има извесни подобрувања. Тие би настанале со мислењето дека чуварите на планината ќе ја имаат функцијата на цивилна заштита. Во тој контекст треба да се зголеми ангажманот на НВО.
Подобрувања се очекуваат ако ренџерската служба биде поактивна посебно во зоната на одржливо користење.
Се истакнува дека проблематично е спроведувањето на регулативата.

**Дел 2: Потенцијал за еко и активен туризам**

**Кој ресурс на Пелистер го сметате за највреден за еко и активен туризам?**

*Природни пејзажи, биодиверзитет, патеки, езера, културно наследство, геонаследство.*

Како најзначаен атрактивен фактор се истакнуваат природните пејзажи. На второ место е биодиверзитетот и климата, а на трето место се езерата. Културното наследство е на четврто место, а геонаследството е на петто место.

**Кои населби во пелистерскиот и потпелистерскиот простор имаат културен потенцијал за развој на еко и активен туризам?**

Ставовите за овие потенцијали се покажуваат дека нема исклучителност, односно се работи за сличен атрактивен третман сите села во контактната зона (Цапари-Ротино, Трново-Магарево, Нижеполе-Дихово) и Маловиште во рамките на НПП.

Од ненаведени села во прашалникот атрактивен третман имаат Буково и Велушина.

**Кои видови на активен туризам моментално се практикуваат на Пелистер или се во подем?**

Мислењата се дека доминира планинарењето, следат скијањето и разгледувањето со фотосафари, а на крај е планинскиот велосипедизам.

**Дали гледате неистражени или недоволно развиени можности за еко или активен туризам во Пелистер?**

Само еден испитаник се определил дека нема неистражени можности.

Најголем број од испитаниците сметаат дека: фрирајд скијањето, ски моунтенерингот, велосипедските тури и тематските патеки од Првата светска војна би биле дел од недоволно развиените можности.
Утврдувањето на потенцијалот на нови локации ќе ги разоткрие новите развојни можности.

Искуства од други средини не се наведени.

| Дел 3: Комунална инфраструктура, поврзаност и пристапност |
|---|
| **Како ја оценувате постоечката комунална инфраструктура на Пелистер?** |
| *Оценка (скала од 1-5), објаснување.* |
| Просечната оценка во градацијата од 1-5 е многу лоша и изнесува 1.5. Најниско ниво со комуналната инфраструктура е во областа на отпадните води и одводните канали. Патната инфраструктура со акцент на редовното одржување и чистење како и солењето на патиштата се детектирани како проблеми.<br>Исто така е присутен проблем со одржувањето на далноводите. |
| **Како ја оценувате поврзаноста?** |
| *Пристап и поврзаност во регионални рамки.* |
| Просечната оценка во градацијата од 1-5 е лоша и изнесува 2.5, што е релативно ограничувачки фактор за туризмот. |
| Во причините се споменати дека нема инфо табли, нема знаци на патишта. |
| *Внатрешна комуникативност и друг вид на инфраструктура.* |
| Просечната оценка во градацијата од 1-5 е лоша и изнесува 2.5, што е релативно ограничувачки фактор за туризмот. |
| Во причините е споменато дека нема доволно обележани патеки, како и тоа дека повеќето непросечени патишта кои постоеле во минатото сега се непроодни (Ротино - Голема Ливада - Молика, Велушина – Острец - Муза - Големо Езеро, Брајчино – Нижеполе). |
| **Како би ја оцениле постоечката туристичка инфраструктура која поддржува еко/активен туризам?** |
| *Патеки, сигнализација, превоз, центри за посетители.* |
| Просечната оценка во градацијата од 1-5 изнесува 3.8, што е многу добра оценка и е основа за развој. |
| Истакнато е дека Пелистер е најдобро маркирана планина во Македонија. |
| **Дали на Пелистер и потпелистерскиот простор има доволно сместувачки капацитети за развој на еко/активен туризам по квантитет и квалитет?** |
| *Хотели, вили, кампови, друг вид на сместување.* |
| Преовладува мислењето дека нема доволно сместувачки капацитети и дека квалитетот е на ниско ниво. |
| *Дали се тие прилагодени и имаат воведено екостандарди?* |
| Преовладува мислењето дека сместувачките капацитети немаат воведено на екостандарди со исклучок на еден испитаник. |
| *Дали има можности за стари куќи да се адаптираат според екостандарди за туристи?* |
| Сите испитаници потврдно одговориле на ова прашање со забелешка дека проблем се процедурите за таквите адаптации. |
| **Дел 4: Одржливост и еколошки предизвици** |
| **Дали мислите дека постоечките политики на национално/регионално/локално ниво за развој на еко/активниот туризам се издржани и ефикасни?** |
| *Оценка, Дали постоечките политики се реализираат.* |
| Испитаниците сметаат дека политиките за развој на екотуризмот се на најниско ниво.<br>Една од причините е дека нема координација.<br>Тоа значи и дека политиките и програмите доколку постојат не се реализираат. |

| **Како го гледате балансот помеѓу развојот на туризмот и заштитата на животната средина?** |
|---|
| *Кои се неопходни мерки да се постигне балансот?* |
| Мислењата се дека има можност за баланс и тоа преку одржливо користење на ресурсите, воведување на стандарди како и контрола на имплементацијата. Исто така неопходна е едукација на засегнатите страни. |
| **Дел 5: Маркетинг и партнерства** |
| **Дали Пелистер е ефикасно промовиран како дестинација за еко/активен туризам?** |
| Испитаниците се единствени дека нема промотивни активности и дека најмногу недостасуваат веб промоција и промоцијата на социјални медиуми, како учество на саеми и Б2Б (бизнис со бизнис средби) во форма на меѓународна промоција и истакнување на уникатните карактеристики на НПП. |
| **Кој пазар (домашен, регионален, меѓународен) доминира?** |
| Преовладува мислењата дека доминантно место има меѓународниот пазар. Регионалниот и домашниот пазар се помалку посочени. Во поглед на сезоната мислењата се дека во летната сезона доминира меѓународниот а во зимската регионалниот пазар. |
| *Сегментација по возраст (возрасни групи).* |
| Испитаниците сметаат дека туристичката понуда треба приоритетно да се насочи кон возрасната категорија 30-45 години.<br>Има и мислења дека и популациите од 45-60 и над 60 години треба да се земат во предвид. |
| *Кој пазар ќе има наголемо значење во иднина?* |
| Како пазари кај испитаниците се истакнати европските земји. Пред сѐ овде се мисли на земјите како на пример: Холандија, Англија, Франција и средно европските земји. Има мислења дека треба да се има балансиран пристап кон пазарите. |
| **Дел 6: Засегнати страни** |
| **Управување со Националниот парк Пелистер.** |
| **Каква е вашата е визијата за паркот во врска со развој на еко и активен туризам?** |
| *Приоритети.* |
| Систем на планинарски патеки со инфраструктура, планинарски домови, видиковци, патот до Големо Езеро да се поврзи со пат до Велушина и со пат до Преспа. |
| *Кадровска екипираност и организација.* |
| Нема одделение за туризам. |
| **Како го следите и контролирате влијанието на туристичките активности врз животната средина?** |
| Екосвест развиена кај туристите. |
| *Кои туристички активности ги сметате за нај одржливи и најмалку штетни за екосистемот на паркот?* |
| Нема влијание. |
| *Како соработувате со туристичките агенции, водичите или локалната заедница?* |
| Нема соработка. |
| **Кои се главните предизвици во спроведувањето на прописите за парковите за посетителите и операторите за развој на еко/активен туризам?** |
| Има многу предизвици. |

| |
|---|
| *Кои ресурси или поддршка му се потребни на паркот за подобро управување со одржливиот туризам?* |
| Финансии, организација, соработка за патеките со Општина Битола. |
| **Туроператори и локални водичи.** |
| **Кои се вашите најпопуларни тури или активности во регионот и државата?** |
| Тури со планинари. |
| **Со какви предизвици се соочувате во обезбедувањето квалитетни искуства додека ја заштитувате животната средина?** |
| Недостаток на квалитетни водичи во планина и нема рурални сместувачки капацитети. |
| **Како ги информирате туристите за зачувување на природата околу дозволи, ограничувања и забрани за време на вашите реализации на турите?** |
| Пред патувањето. |
| **Дали има доволно можности за дообука и градење капацитети за локалните водичи?** |
| Има можности за обуки, треба да се најдат средства. |
| **Кои подобрувања (инфраструктура, поддршка на парковите, маркетинг) би му помогнале на вашиот бизнис да се унапредува со производи кои имаат еко предзнак?** |
| Маркетинг и поддршка на националните паркови. |
| **Бизниси за угостителство и сместување.** |
| **Колкав дел од вашиот бизнис опфаќа еко понуда?** |
| Испитаниците се изјасниле дека нецелосна е примената на еко производи бидејќи таквите производи често не се сертифицирани.<br>Еко понудата пред сè се однесува на опкружувањето на угостителските објекти а не во нив. |
| **Како ја премостувате сезонската работа на вашиот бизнис и како управувате со него?** |
| Преовладува постојаното вработување, додека времено вработување е со помал обем.<br>Има нагласена потреба од дуално образование кое се уште не се применува.<br>Објектите работат во текот на целата година. |
| **Дали соработувате со локалните засегнати страни?** |
| Примената на „Локаворе“ системот е парцијална.<br>Соработката со локалните водичи и управата на НПП е парцијална. |
| **Кои се најголемите предизвици со кои се соочувате при водење бизнис за одржлив туризам во Пелистер?** |
| Најголемите предизвици се инфраструктурата и паркингот. |
| **Дали вашите гости се заинтересирани за активности на Пелистер?** |
| Постои заинтересираност од страна на гостите за користење на атрактивните ресурси на Пелистер. |
| **Каква поддршка (финансиска, промотивна, инфраструктура) ви е потребна за да ги подобрите вашите услуги?** |
| Како форми на поддршка се истакнуваат промотивните активности, инвестициски вложувања во инфраструктурата и користење на субвенции. |
| **Колку вашите објекти се прилагодени на потребите на екотуристите (на пр. користење обновливи извори на енергија, локална храна, третирање на отпадот, прочистување на отпадни води)?** |
| Испитаниците посочиле на делумна примена на екопринципите. |

| |
|---|
| **Како го оценувате капацитетот за сместување во близина на Пелистер – дали е доволен или треба проширување?** |
| Капацитетите на ја задоволуваат туристичката побарувачка. |
| **Кои се најчестите барања на гостите што доаѓаат заради активен туризам?** |
| Неопходно е збогатување на туристичката понуда со дополнителни содржини од типот на: спа и фитнес понуда, спортски содржини, скијање, џип сафари. |
| **Кои се негативните коментари на гостите во врска со екотуризмот?** |
| Негативните коментари се однесуваат на отпадните води. |
| **НВО / еколошки и културни организации.** |
| **Кои се вашите главни еколошки или социјални грижи во врска со развојот на туризмот?** |
| Најголема еколошка и социјална грижа е неконтролиран пристап со сите видови на возила, неконтролиран пристап и однесувањето на берачите на шумски плодови, нелегални кампувања. |
| **Дали има определени области, видови или културни добра за кои сметате дека се изложени на ризик поради туризмот?** |
| Во групата на загрозувања на добрата на НПП кои се туристички атрактивни се истакнува дека: отпадните води ја загрозуваат Моликата, има многу отпадоци од боровинки од берачите на шумски плодови, конкретно на Големо Езеро и Орлови бари се вози со квадрицикли, и загрозени се езерата на Пелистер од различни активности. |
| **Дел 7: Идна визија** |
| **Кои инвестиции или поддршка се најпотребни во моментов (финансиски, технички, политички)?** |
| *Наведете по приоритет!* |
| Мислењата на испитаниците се дека во моментов е неопходно да се имаат во превид различни сектори. Тоа подразбира поддршка финансиска поддршка за поттикнување на инвестициските активности насочени кон инфраструктурни подобрувања, вложување во ИТ секторот, техничко приспособување за потребите на туристите во екотуризмот, ажурно спроведување на туристичките политики усогласени со потребите на бизнис секторот. |
| **Како Пелистер може да стане модел за еко/активен туризам во пошироки рамки?** |
| Мислењата се дека е неопходна диверзифицирана понуда како модел на задоволување на туристичките потреби според современите трендови. Во овој контекст е издвојувањето на нови локации за развој на екотуризмот со активирање на контактната зона - потпелистерски локалитет. |
| Неопходна е регионална соработка посебно со другите национални паркови како што е НП Галичица. Во овој контекст е важно да се развијат образовни програми во форма на школи во природа екскурзии и истражувачки активности. |
| Во предлозите се јавува и изградба на гондола, како и развој на скијачки терени на повеќе локации. |
| Со активирање на потпелистерскиот локалитет. |
| Кабинска жичара (гондола) од Битола и развој на терени на Орлови Бари. |
| Се смета дека треба да се редефинира воведувањето на екостандардите. Во овој контекст треба да биде и уредувањето на целата инфраструктура, изградба на планинарски домови и други форми на сместување. |
| Посебно место треба да има промоцијата на екотуризмот. |

| **Која е најголемата пропуштена шанса во развојот на еко и активен туризам на Пелистер?** |
|---|
| Се смета дека идејата за опфатот кај хотел Молика да биде препознатлив туристички комплекс со содржини соодветни на значењето што го има овој дел од Пелистер. |
| Физибилити студијата за локацијата Орлови бари да биде скијачки центар не е реализирана. |
| Нереализираните ИПА проекти, како и проектите со швајцарската агенција SDC во програмата И претставуваат пропуштени шанси за развој. |
| Не се искористени караулите и оставени се да се девастираат. |
| **Дали има нешто друго што би сакале да споделите во врска со развојот на еко и активен туризам на Пелистер?** |
| На отвореното прашање испитаниците дале прифатливи предлози. Тие се однесуваат на преземање на мерки за развој на туризмот на локации кои не се доволно развиени како што е примерот со село Цапари. |
| Сугестија дека е неопходно да се создаде населба за дигитални номади и кампови во комплексот на Детското одморалиште. |
| Во поширокиот простор околу Инфо - центарот да се уредат детски игралишта и ски патека. |
| Изградба на Виа Ферата на Бабин Заб и Црвени Стени. |
| Обновување на патот од село Ротино до хотел Молика. |
| Јакнење на понуда и сертификација на локални производи – Локаворе, како на пример сируп од четинари, сируп од боровинка. |
| Во организациска смисла предложено е формирање на тело кое ќе биде во функција на развој на екотуризмот. |
| Поврзувањето со државните институции треба да придонесе кон етаблирање на НПП како стратешки центар за еко активен туризам. |
| Ова според испитаниците ќе биде во функција на креирање на НПП како препознатлива туристичка дестинација во пошироки рамки. |



Слика бр. 12 – Зимски амбиент на Пелистер (Фото: Иванчо Тошевски)

## 8.2 Сумарни согледувања од спроведените интервјуа

Природните пејзажи се клучна атракција, но геодиверзитетот и културното наследство се недоволно препознаени, па затоа треба да се промовираат. За руралниот туризам се утврдени локации со потенцијал, но комуналната инфраструктура е горлив проблем, што бара инвестиции и тековно одржување. Потребно е подобрување на поврзаноста во и надвор од паркот, вклучително и обновување на патиштата согласно стандардите на Натура 2000.

Развојот на туризмот треба да се базира на нови капацитети во контактната зона и искористување на вишокот станбен простор во руралните средини, со примена на екостандарди и едукација за подигање на свеста. Маркетингот и промоцијата се недоволни, па се препорачува годишен план за промотивни активности насочени кон меѓународниот пазар, со фокус на зимската сезона. Целна група се туристите над 30 години од Западна и Средна Европа, кои се сметаат за платежно посилни.

Управувањето со туризмот во Паркот е ограничено поради отсуство на организациска структура, па се препорачува формирање на Одделение за туризам. Потребна е подобра инфраструктура, супраструктура и едукација на туристичките водичи, како и сертификација на локални производи со еко - предзнак. Планинарењето е популарен производ, но недостигаат квалитетни водичи, што бара перманентна едукација.

Еколошките проблеми, како отпадните води, неконтролираниот пристап на возила, хербалниот туризам и нелегалното кампување, особено во строго заштитените зони, бараат итно решавање. Идната визија вклучува инфраструктурни подобрувања, инвестиции во ИТ, развој на школи во природа, екскурзии, истражувачки активности и нови содржини како кабинска жичара, скијачки центри, населба за дигитални номади, Визитор - центар и Виа Ферата. Принципот „Локаворе“ и сертификацијата на локални производи се клучни за одржлив екотуризам.

Формирањето на Одделение за туризам ќе овозможи подобра соработка со локалните и државните институции, зајакнување на капацитетите и одржлив развој на екотуризмот, со почитување на современите трендови и локалните потенцијали.




Слика бр. 13 - Регистрирана планинарска Патека „Врв Вртушка – с. Маловиште“ во системот на патеки на АППТ како модел (Извор: Агенција за промоција и поддршка на туризмот на РС Македонија)

## 8.3 Резултати од спроведената анкета

Анкетниот прашалник беше изработен со намера да ги истражи ставовите и мислењата на различните засегнати страни на просторот на Општина Битола и Пелистер во поглед на оценката на моменталната состојба на туризмот, како и развојните можности во идниот период. Ова се однесува пред сè на екотуризмот и активниот туризам. Во оваа насока, беа контактирани вкупно 93 испитаници од кои одговориле 33. Беа опфатени испитаници од следните засегнати страни: јавна администрација, универзитети, членови на НВО, локални жители, сопственици на бизниси и останати одговорија на вкупно 30 прашања. Добиените одговори се прикажани преку графички прикази.

Во рамките на анкетниот прашалник беше поставено прашањето кое се однесуваше на степенот вклученост на испитаниците во туристички активности на просторот на Пелистер, односно дали тие биле директно инволвирани во развојот на туризмот или не.

Графикон 9 – Дали сте вклучени во активности поврзани со туризмот на Пелистер




Испитаниците имале поделени одговори на ова прашање. Имено, 51,5% се изјасниле дека биле директно вклучени во туризмот, додека 48,5% одговориле дека не биле директно вклучени. Тоа значи дека вклученоста на засегнатите страни треба да се унапредува.

Оценката на моменталната состојба на туризмот на просторот на Пелистер е дадена во графикон бр. 10.

Графикон 10 – Како ја оценувате моменталната состојба со туризмот на Пелистер




Оценката на одговорите беа дадени со користење на Ликертова скала, односно оценки од 1 до 5, каде 1 - многу лоша состојба, а 5 - одлична. Најголемиот дел од испитаниците ја оцениле моменталната состојба на туризмот со оценка 2, односно 42,4%, како и со оценка 3 (39,4%). Тоа укажува дека засегнатите страни моменталната состојба на туризмот ја оценуваат како релативно лоша. Имено, оценките 2 и 3 опфаќаат над 80% од вкупниот број на испитаници, додека за одговорот 5 – одлична состојба, не се изјаснил ниту еден испитаник. Тоа значи дека присутна е релативно неповолна состојба со туризмот на Пелистер.

На прашањето „Колку се променил туризмот на Пелистер во последните 5 до 10 години?“ одговорите на испитаниците се дадени графички (Графикон бр. 11).

Графикон 11 – Како се промени туризмот на Пелистер во последните 5-10 години



Од анализираните одговори на испитаниците може да се забележи дека и во однос на ова прашање засегнатите страни одговориле претежно негативно. Така, најголем број од нив одговориле дека „нема промени“ во туризмот на просторот на Пелистер во последните 5-10 години, односно 39,4% од вкупниот број на испитаници. Нешто помалку одговориле дека состојбата со туризмот во изминатиот период бележи само мали подобрувања. Така, 36,4% од вкупниот број испитаници сметале дека туризмот на Пелистер „малку се подобри“. Најмал број од испитаниците сметале дека туризмот значително се подобрил, односно само 3%. Делот од испитаниците кои одговориле негативно со одговорите „малку се влоши“ или „значително се влоши“ изнесувале нешто над 20% од вкупниот број. Ваквите одговори упатуваат на релативно благ подем на туристички развој на просторот на Пелистер во изминатиот период, а има и ставови кои ја изразуваат ретроградноста. Тоа значи дека се потребни значителни преземања за подобрување на ваквите негативни состојби.

Во следниот графикон (Графикон бр. 12) се дадени мислењата на испитаниците во врска со општиот степен на загаденост на просторот на Пелистер со користење на Ликертова скала (1 – многу лоша, 5 - одлична).

Графикон 12 – Оценете ја состојбата со загадувањето на Пелистер




Од графичкиот приказ бр. 12 може да се забележи дека нешто повеќе од половината на испитаниците ја оцениле состојбата со загадувањето на Пелистер со оценка 3 (54,5 %), што претставува претежно неутрален одговор. Меѓутоа, имајќи го во предвид фактот дека на масивот Пелистер се наоѓа и заштитениот простор на Националниот парк, ваквите одговори може да се оценат и како негативни. Следуваат одговорите на испитаниците кои одговориле со оценка 2, односно 21,2 % од вкупниот број испитаници. Бројот на испитаниците кои одговориле со највисоките оценки 4 и 5 заедно изнесувале исто 21,2 %. Ваквите одговори јасно укажуваат на потребата за поголема заштита на природната средина и намалување на степенот на загаденост на просторот на Пелистер.

Следното прашање беше поврзано со претходното, односно се однесуваше на определувањето на најголемите еколошки проблеми присутни на Пелистер. Притоа, можни беа повеќе одговори дадени во следниот графички приказ (График бр. 13).

Графикон 13 – Кои еколошки проблеми сметате дека се најголеми




Од графиконот бр. 13 може да се забележи дека за засегнатите страни најголем еколошки проблем на просторот на Пелистер претставува управувањето со отпадот, односно загадувачите (отпадните води, загадувањето на воздух, загадувањето на почва). За ваков одговор се определиле скоро половина од вкупниот број на испитаници, односно 48,3%. Потоа следат одговорите за нарушување на биодиверзитетот (20,7%) и ерозија и уништување на патеките на Пелистер (19%). Најмал број на испитаници се определиле за одговорот „прекумерен туризам“ како еколошки проблем, односно само 3,4% дале ваков одговор. Тоа значи дека засегнатите страни сметаат дека туризмот моментално не го загрозува просторот на Пелистер, но остава и простор за унапредување.

Во рамките на анкетниот прашалник се постави и прашање за оценување на управувањето и регулирањето на одржливиот туризам на просторот на Пелистер преку бодовна скала од 1-5 (1 – многу лошо, 5 - одлично).

Графикон 14 – Како е управуван и регулиран одржливиот Туризам на Пелистер во моментов




Од добиените одговори може да се забележи дека најголем дел од испитаниците го оцениле управувањето и регулирањето на одржливиот туризам со релативно високи оценки. Така, за оценката 4 се определиле 42,4% од испитаниците, додека за оценката 5 – 15,2%. Заедно ваквите одговори сочинуваат над половина од вкупниот број на испитаници. За оценка 3 се определиле 36,4%, додека за оценка 2 само 6,1%, а за најниската оценка 1 не се изјаснил никој од испитаниците. Од ваквите одговори може да се забележи дека релативно позитивни се ставовите на засегнатите страни во однос на управувањето и регулирањето на одржливиот туризам на просторот на Пелистер. Меѓутоа, имајќи го предвид фактот дека туристичкиот промет на просторот на Општина Битола бележи скромни резултати, треба да се унапредат одржливите форми на туризам.

Во рамките на анкетниот прашалник испитаниците требаше да го определат највредниот ресурс за развој на екотуризмот и активниот туризам на Пелистер. Дадени им беа за избор неколку опции дадени во продолжение во графиконот бр. 15.

Графикон 15 – Кој ресурс го сметате за највреден за развој на еко и активен туризам на Пелистер



Од одговорите на испитаниците може да се забележи дека природните пејзажи и планинските патеки се сметаат за највредни ресурси за развој на еко и активниот туризам. За овој одговор се одлучиле 90,9%. Исто така важен ресурс за засегнатите страни бил и биодиверзитетот и ретките видови. За овој ресурс се определиле вкупно 57,6% од испитаниците. Ваквите одговори се поклопуваат со определбите за развој на ваквите одржливи форми туризам. Важно е да се напомене дека културниот туризам учествува само со 24,2 % од вкупниот број одговори, додека за геолошкото наследство не се определил ниту еден од испитаниците. Тоа значи дека геолошките вредности претставуваат значаен неискористен потенцијал кој може да се активира за креирање на нови туристички содржини и збогатување на туристичкиот престој.

Испитаниците требаше да ја оценат важноста на селските комплекси на просторот на Пелистер во рамките на Општина Битола за развој на екотуризмот и активниот туризам. Испитаниците нив ги рангирале со оценки од 1 до 5 каде 1 – највисок ранг, додека 5 – најнизок ранг.

Графикон 16 – Кои блиски селски комплекси имаат потенцијал за еко и активен туристички развој




Во графичкиот приказ бр. 16 може да се забележи дека за селскиот комплекс на с. Маловиште преовладуваат оценките со ранг 3, додека на второ место беа оценките со ранг 1. Исто толкав дел од испитаниците оценка на ранг 4. Ова зборува за поделеност во мислењата за важноста на овој селски комплекс.

Во однос на селскиот комплекс на селата Цапари-Ротино доминираат оценките со ранг 4 и 3. Додека оценки со ранг 1 дале ист број на испитаници како за с. Маловиште. Меѓутоа негативните оценки на ранг 4 се побројни отколку за селскиот комплекс Маловиште.

За селскиот комплекс Трново – Магарево се регистрирани нешто по негативни резултати, Најголемиот број од испитаниците го оцениле овој простор со ранг 4, додека зад ваквата оценка, следат рангирањата со 3 и 4, додека најмалку од испитаниците се определиле за оценка 1.

За просторот Дихово – Нижеполе постојат контрадикторни одговори. Имено, најголемиот дел од испитаниците дале негативни оценки – ранг 4, како во однос на другите оценки за овој селски комплекс, така и во однос на рангирањето на другите селски комплекси. Ваквите одговори укажуваат на постоењето на неусогласени ставови кај засегнатите страни за степенот на важноста на селските комплекси кои претставуваат атрактивна основа за развој на еко и активниот туризам на просторот на Пелистер. Поради тоа е потребно да се зголеми афирмираноста на ваквите целини во туристичките понуди.

За оценување на активностите во рамките на активниот туризам кои моментално најмногу се практикуваат на просторот на Пелистер се однесуваше и соодветното прашање. Оценките се однесуваа на рангирање со користење на скала од 1 до 6, каде 1 претставувал највисок ранг, а 6 најнизок.

Графикон 17 – кои активности во рамките на активниот туризам најмногу се практикуваат на Пелистер




Од графичкиот приказ може да се забележи дека за засегнатите страни најважни за развој на активниот туризам претставувало пешачењето. Одговорите со ранг 1 беа најбројни, споредено со другите активности. Во однос на планинскиот велосипедизам постои неусогласеност во одговорите. Имено, него го оцениле ист број на испитаници со пониски оценки (3, 4 и 5). Скијањето како активност беше оценето од најголем дел од испитаниците со низок ранг 4. Тоа укажува на потребата за развивање и промовирање на ваквите можности. Алпинизмот беше оценет од најголемиот дел од испитаниците со оценки 3 и 4, додека набљудувањето на птици и фотосафарите со пониски оценки 4 и 5. Со оглед дека се работи за заштитен простор, важен по биодиверзитетот, може да се заклучи дека овие одржливи форми на туристички активности треба исто така да се унапредат. Тоа е посебно важно бидејќи ваквите активности не ја загрозуваат природната средина и еколошките врски на просторот на Пелистер.

Испитаниците ја оценија и туристичката инфраструктурата за развој на активниот туризам. Оценките беа од дадени на скала 1 до 5, каде 1 – многу лоша состојба, 5 – одлична состојба. Во продолжение се дадени одговорите на засегнатите страни (Графикон бр. 18).

Графикон 18 – Оценете ја туристичката инфраструктура за активен туризам




Од дадените одговори може да се забележи дека најголемиот дел од испитаниците, дури 43,8% ја оцениле туристичката инфраструктура со пониска оценка 2. Највисока оценка 5 не дал ниту еден испитаник. Голем дел од испитаниците дале средна оценка 3 односно 40,6 % од испитаниците. Ова укажува на потребата за подобрување на постоечката туристичка инфраструктура за активен туризам, како и креирање на нови инфраструктурни капацитети во рамките на активниот туризам.

Испитаниците требаше да ја оценат и постојната комунална инфраструктура во просторот на Пелистер преку рангирање од 1 до 5, каде 1 – многу лоша инфраструктура, додека 5 – одлична инфраструктура.

Графикон 19 – Оценете ја постоечката комунална инфраструктура



Од графичкиот приказ бр. 19 може да се забележи дека со ниска оценка 2 половина од испитаниците ја оцениле комуналната инфраструктура на просторот на Пелистер, додека на второ место била оценката 3 (25%). Значен број од испитаниците ја оцениле инфраструктурата со најслаба оценка 1 (18,8%), додека ниту еден испитаник не ја оценил инфраструктурата со оценка 5. Ваквите одговори даваат јасна слика за проблемите со кои се соочува просторот на Пелистер од инфраструктурна гледна точка за која се потребни итни преземања.

Испитаниците требаше да ја оценат регионалната поврзаност и пристапност до Пелистер со рангирање на скала од 1 до 5, каде 1 – многу лоша пристапност, 5 – одлична пристапност. Резултатите се претставени во графиконот бр. 20.

Графикон 20 – Оценете ја регионалната поврзаност и пристапност до Пелистер




Од графиконот бр. 20 може да се утврдат рангирањата на испитаниците во однос на регионалната поврзаност на просторот на Пелистер кои може да се оценат како изразито негативни. Имено, најголемиот дел од нив се определиле за оценките 2 (34,4 %), и 1 (28,1%). Вакви негативни оценки дале нешто повеќе од 60 % од испитаниците. Важно е да се напомене дека ниту еден од испитаниците не ја оценил пристапноста со висока оценка 5. Ова зборува за постоење на изразито лоша состојба во поглед на пристапноста на просторот на Пелистер што претставува еден од клучните предуслови за развојот на туризмот. Потребни се преземања за надминување на ваквите негативни состојби.

Испитаниците требаше да го искажат своето мислење во поглед на постоењето на не истражени и недоволно развиени потенцијали на Пелистер за еко и активен туризам. Понудени беа неколку одговори. Истите се дадени во продолжение во графиконот бр. 21.

Графикон 21 – На Пелистер има неистражени и недоволно развиени потенцијали за еко или активен туризам




Од графиконот бр. 21 може да се забележи дека со ставот „на Пелистер има неистражени и недоволно развиени потенцијали за еко или активен туризам“ се согласувале скоро сите испитаници, односно над 90% кои одговориле со „потполно се согласува“ (47,8%) или „се согласувам“ (42,4%). Ваквите резултати укажуваат на постоењето на значаен потенцијал на просторот на Пелистер за развој на екотуризмот и активниот туризам кои не се туристички активирани. Идните преземања треба да бидат во насока на нивна соодветна валоризација, афирмација и промоција.

На испитаниците им беше поставено прашањето „Дали сметате дека на Пелистер и блиските населби има доволно сместувачки капацитети за еко и активен туризам“?. Понудени им беа 3 одговори: „да“. „не“ и „делумно“. Резултатите од нивните одговори се дадени во Графикон бр. 22.

Графикон 22 – Дали сметате дека на Пелистер и во блиските населби има доволно сместувачки капацитети за еко и активен туризам



Од графичкиот приказ бр. 22 може да се забележи дека само 6,1% од испитаниците одговориле позитивно со одговор „да“. Останатиот дел од засегнатите страни одговориле со „делумно“, односно „не“ што заедно сочинуваат над 90 %. Тоа значи дека постоечките услови за задоволување на потребите за сместување не одговараат на заложбите за продолжување на престојот на посетителите со што би се зголемил и туристичкиот промет на просторот на Пелистер. Посебно е важно да се напомене дека потребни се преземања за зголемување на сместувачките капацитети од мал обем кои доминираат во рамките на екотуризмот и активниот туризам.

На прашањето „Дали сметате дека на Пелистер и во блиските населби сместувачките капацитети применуваат екостандарди?“, испитаниците требаше да дадат оценки од 1 до 5, при што 1 – воопшто не се применуваат, додека 5 – целосно се применуваат. Нивните одговори се дадени графички во продолжение (Графикон бр. 23).

Графикон 23 – Дали сметате дека на Пелистер и во блиските населби сместувачките капацитети применуваат екостандарди




Од добиените одговори во однос на ова прашање може да се забели дека најголемиот дел од испитаниците дале ниска оценка 2, односно скоро половина од вкупниот број (45,5%). Исто така, висок е делот од засегнатите страни кои одговориле со најниска оценка 1 (24,5%), додека пак изоставени се рангирањата со оценките 4 или 5 за кои не се определил ниеден од испитаниците.

Испитаниците требаше да ја оценат и поддршката од страната на локалната власт за развој на екотуризмот и активниот туризам на Пелистер со користење на Ликертова скала од 1 до 5 (1-нема поддршка, додека 5-одлична поддршка). Резултатите од нивните одговори се дадени во графичкиот приказ бр. 24.

Графикон 24 – Како ја оценувате поддршката од локалната власт за развој на еко и активен туризам на Пелистер




Од добиените одговори на испитаниците може да се забележи дека најголемиот дел ја оценила поддршката на локалната власт за развој на наведените одржливи форми туризам со ниска оценка 2 (39,4%), додека скоро една третина (30,3%) се определиле за средна оценка 3. Ниту еден испитаник не ја оценил поддршката од страна на локалната власт со највисока оценка. Ваквите резултати во поглед на ова прашање укажува на проблеми во заложбите за поддршка на одржливите форми туризам. Треба да се нагласи дека просторот на националниот парк има посебен режим на управување и во некои активности се јавуваат потешкотии во усогласувањето помеѓу локалните власти и управувачката структура на националниот парк. Развојот на екотуризмот и активниот туризам треба да биде заложба на сите управувачки структури и власти од различно ниво.

Испитаниците го оценија и нивото на поддршка на екотуризмот и активниот туризам од страна на тековните национални/регионални политики. Одговорите се дадени во продолжение во Графикон бр. 25.

Графикон 25 – Дали тековните национални / регионални политики ефективно го поддржуваат еко и активниот туризам на Пелистер



Одговорите на прашањето кое се однесуваше на ефективноста на националните и регионалните политики во поддршката развојот на еко и активниот туризам беа слични како на претходното прашање кое се однесуваше на локалните власти. Така, скоро половината од испитаниците ја оцениле ефективноста на ваквите политики со ниска оценка 2 (48,5 %), додека високи оценки 4 и 5 не беа дадени од ниту еден испитаник. Ваквите резултати укажуваат на отсуството на јасни заложби од повисоко ниво.

Прашалникот содржеше оценка во однос на тоа дали постојните политики и мерки се спроведуваат и се ефикасни. Оценките беа од 1 до 5, каде 1-воопшто не, додека 5–целосно да. Одговорите се дадени во графичкиот приказ бр. 26.

Графикон 26 – Дали сметате дека постојните политики и мерки се спроведуваат и се ефикасни




Ефикасноста и спроведувањето на туристичко - развојните политики и мерки најголемиот дел од засегнатите страни дале ниска оценка 2, односно 48,5%. Висок е и делот на испитаниците кои одговориле со најниска оценка 1 – 24,2%, а за оценка 3 во однос на прашањето се определиле 27,3%. Ниту еден испитаник не го оценил спроведувањето на мерките и политиките и нивната ефикасност со високи оценки 4 или 5. Ова укажува на постоење на значајни проблеми не само во креирањето на соодветни политики за развој на туризмот на просторот на Пелистер, туку и нивното спроведување е неефикасно и не одговара на потребите за нивна имплементација.

Испитаниците во рамките на анкетниот прашалник ја оцениле и постоечката промоција на Пелистер како активна и екотуристичка дестинација. Оценките беа на скала од 1 до 5, каде 1 е најниска оценка, односно „многу лоша“, додека 5 е највисока, односно се мисли на постоење на „одлична“ промоција. Нивните одговори се презентирани графички во продолжение (Графикон бр. 27).

Графикон 27 – Оценете ја моменталната промоција на Пелистер како еко и активна туристичка дестинација




Од графиконот бр. 27 може да се забележи дека повеќе од половината од испитаниците ја оцениле промоцијата на Пелистер за наведените одржливи форми туризам со ниска оценка 2, односно дури 57,6%. За најниската оценка во однос на ова прашање се определиле 18,2 %, додека само 3% дале оценка 4, а ниту еден испитаник не ја оценил промоцијата со највисока оценка 5. Од ваквите резултати може да се заклучи дека промоцијата за активен и екотуризам на Пелистер е непостоечка, односно не ги задоволува потребите за развој на туризмот. За привлекување на туристите во просторот на Пелистер е потребно прво тие да се информираат за постоењето на различни видови можности од екотуристички и активен вид, а клучна улога за тоа имаат и соодветните форми на промоција.

Како прашање за тоа кој туристички пазар доминира на Пелистер на испитаниците им беа понудени 3 одговори „домашен пазар“,„регионален пазар“ и „меѓународен пазар“. Нивните одговори се сублимирани преку графичкиот приказ бр. 28 во продолжение.

Графикон 28 – Кој туристички пазар доминира на Пелистер



Од графиконот бр. 28 во однос на доминирањето на туристичките пазари на Пелистер засегнатите страни одговориле дека домашниот пазар е најдоминантен (69,7%). Од друга страна, скоро никој испитаник не сметал дека меѓународниот пазар моментално игра значајна улога за развој на туризмот. Вака сметале само 3 % од испитаниците. Одговорите на испитаниците за регионалниот пазар претставуваат само нешто помалку од 1/3 од одговорите за домашниот пазар. Ова зборува за постоење на потребата за унапредување на туристичкиот промет за првите 2 вида на туристички пазар. Меѓутоа, треба да се укаже и на важноста што домашниот туризам ја има во доменот на развојот на туризмот на Пелистер. Идните преземања и заложби треба токму да бидат во насока на збогатување на содржината на престој на странските туристи.

Испитаниците ги оцениле различните форми, односно канали на промоција на Пелистер. Нивните одговори преку оценки за рангирање се дадени во графиконот бр. 29 (1-највисок приоритет, 7 – најнизок приоритет).

Графикон 29 – Оценете ги по приоритет каналите на промоција на Пелистер




Од одговорите на испитаниците може да се забележат неусогласени ставови како во рамките на поединечните канали на промоција, така и во нивната споредба. Во однос на саемите и манифестациите најголем дел од испитаниците се определиле за оценката 1. Споредено со различните понудени одговори најдобри резултати се постигнаа за социјалните мрежи како

најзначајни промотивни канали. Имено, најголем дел од испитаниците ги оцениле социјалните мрежи со оценка 1 – највисок приоритет. Рекламите на веб-страните добија најголем број одговори со оценка 2, додека кај интернет платформите за резервација како booking и Airbnb доминираше оценката 3. Испитаниците ги оценија печатените материјали како „традиционални“ канали на промоција со пониски оценки 3 и 4. Масовните медиуми постигнаа нешто подобри резултати. Кај нив доминираше оценката 1, но споредено со саемите и манифестациите и социјалните мрежи оваа оценка малку заостанува. Инфлуенсерите како промотивен канал беа оценети со оценка 2 од најголемиот број на испитаници. Бројот на вака определените одговори за инфлуенсерите заостанува во однос на оние кои се определиле за рекламите на веб страни. Од ваквите постигнати одговори на испитаниците во однос на ова прашање може да се заклучи дека значајни се посовремените форми на промоција кои може да имаат многу поголеми ефекти за привлекување на потенцијалните туристи и посетители.

Во насока на определување на соодветна стратегија за промоција на туризмот на Пелистер значајно беше и прашањето за тоа што го сочинува имиџот на Пелистер. Испитаниците имаа неколку опции за избор: молика, езерата, врвот Пелистер, мечката. Нивните одговори се дадени во графичкиот приказ бр. 30.

Графикон 30 – Што го прави имиџот на Пелистер




Од добиените одговори на испитаниците претставени во графиконот бр. 30 може да се забележи дека како најзначајна категорија кој го сочинува имиџот на Пелистер и по кој е препознатлив е моликата. Овој ендемски вид му дава значајна куриозитетно и атрактивно својство на Пелистер. Над половината од испитаниците сметале дека моликата првенствено го сочинува препознатливиот бренд. Потоа следат езерата, а најмалку препознатливи се врвот Пелистер и мечката.

Испитаниците во рамките на анкетниот прашалник го оценија нивото на вклученост на локалното население во туризмот на Пелистер. Ваквите оценки беа дадени на скала од 1 до 5, каде 1 беше најниската оценка (воопшто не е вклучено локалното население во туризмот), а 5 највисоката (населението е целосно вклучено во туризмот). Добиените одговори се дадени графички во продолжение (Графикон бр. 31).

Графикон 31 – Дали локалното население е вклучено во туризмот на Пелистер




Од добиените одговори на ова прашање може да се забележи дека засегнатите страни сметале дека вклученоста на локалното население во туризмот на Пелистер е на многу ниско ниво. Имено, дури 42,4% од испитаниците дале ниска оценка 2. Зад оваа оценка следи средната оценка 3 за која се определиле 36,4% од испитаниците. Заедно овие 2 оценки сочинуваат скоро 80% од вкупниот број испитаници. Дури и за најниската оценка 1 се определиле 15,2%, додека за оценка 4 се определиле само 6,1%. За највисоката оценка 5 не се определил никој од испитаниците. Ваквите резултати укажуваат на многу ниско ниво на вклученост на локалното население во креирањето на туристичките производи, односно давањето на туристички услуги. Поради тоа треба да се унапредат формите на нивното вклучување, бидејќи одржливите форми на туризам се базираат токму на поголемиот степен на активно учество на домицилното население во туристичките активности. Со тоа ќе се зголеми автентичноста на производите и услугите кои им се понудуваат на туристите и посетителите, и ќе се реализира повисок степен на задоволство.

На прашањето „дали се чувствуваат економските придобивки од туризмот на Пелистер во локалната заедница?“, засегнатите страни требаше да дадат оценки од 1 до 5. Притоа 1 претставуваше најниска оценка (воопшто не), а 5 највисоката (целосно да). Нивните одговори се презентирани на графички начин (Графикон бр. 32).

Графикон 32 – Дали се чувствуваат економските придобивки од туризмот на Пелистер во локалната заедница




Испитаниците во однос на тоа дали локалното население има видливи економски придобивки од развојот на туризмот на Пелистер одговориле најмногу со ниска оценка 2. Дури 54,5% од нив се определиле за ваква оценка. По нив следат оценките со ранг 3 со 27,3% од вкупниот број испитаници. Само многу мал дел од нив (по 3%) дале оценка 4 или 5. Од ваквите добиени оценки може да се констатира дека локалното население не само што е во голема мерка изоставено во директната вклученост во туристички активности, туку и следствено на тоа, многу слабо ги чувствува економските бенефити. Развојот на екотуризмот и активниот туризам се базира на поголема вклученост на локалното население во туризмот, а со тоа ќе се креираат и повеќе социо-економски придобивки за локалната заедница.

Испитаниците го оценија нивото на успешност на туроператорите и водичите за балансирање на активностите за заштита на природата со позитивните искуства на посетителите. Нивните оценки од 1 до 5 (каде 1-воопшто не, а 5-целосно да) се дадени во графиконот бр. 33.

Графикон 33 – Дали туроператорите и водичите успешно ги балансираат искуствата на посетителите со заштитата на животната средина



Од добиените одговори може да се заклучи дека и во однос на ова прашање се постигнати слаби резултати. Имено, најголем дел од испитаниците се определиле за оценката 2, односно дури повеќе од половината (57,6%). Заедно со делот кој се определил за оценката 3 (27,3%) тие сочинуваа над 80 % од одговорите. Тоа укажува дека постојните даватели на услуги (туроператорите и водичите) немаат најдобри искуства кај посетителите на Пелистер без да се загрози природната средина. Тоа зависи и од видот на туристички активности кои моментално им се нудат на посетителите, односно дали ваквите туристички услуги имаат одржлив карактер. Туристичката понуда треба да се насочи кон заложбите за балансиран пристап..

Во однос на прашањето дали локалните бизниси ефективно ги задоволуваат потребите на туристите вклучени во екотуристички активности и активности на активниот туризам, испитаниците дале оценки од 1 – 5. Најниска оценка беше 1 (воопшто не), додека највисока беше 5 (целосно да). Ваквите оценки се дадени во графиконот бр. 34.

Графикон 34 – Дали локалните бизнис ефективно ги задоволуваат потребите на еко/активните туристи




Од графичкиот приказ бр. 34 може да се забележи дека најголемиот дел од испитаниците се определиле за пониските оценки 2 или 3, а заедно сочинуваат над 80 % од вкупниот број испитаници. Најбројни беа оценките со ранг 2 (42,4%), додека оценките со ранг 3 само малку заостануваа зад нив (39,4%). Тоа значи дека барањата на најголемиот дел екотуристи и туристи вклучени во активни форми туризам генерално не се активно задоволени од страна на локалните бизниси што е спротивно на основните развојни насоки на одржливите форми туризам. Развојот на екотуризмот и активниот туризам на просторот на Пелистер треба да ги интегрира различните даватели на локални производи и услуги.

Во рамките на анкетниот прашалник испитаниците беа замолени да ги оценат од 1 до 5 и невладините организации, поточно степенот на нивно активно учество во поддршката на одржливиот туризам. Најниска можна оценка беше 1 (воопшто не), додека највисока беше 5 (целосно да).

Графикон 35 – Дали еколошките и културните НВО имаат активна улога во поддршката на одржливиот туризам во Пелистер




Добиените одговори се дадени во графичкиот приказ бр. 35 од кој може да се утврди дека најголемиот дел од испитаниците се определиле за средната оценка 3, односно скоро 40%. Пониската оценка 2% следи со 30,3%, а подеднаков број на испитаници (по 15,2 %) дале оценка 1, односно 4. Целосно недостигаат одговорите со ранг 5. Иако малку доминираат оценките со ранг 3 во однос на претходните прашања, нивото на активната улога на НВО-та во развојот и поддршката на одржливиот туризам е на ниско ниво. Некои од невладините организации се карактеризираат со високо ниво на експертиза во одредени области. Нивните сознанија може да се користат директно во заложбите за заштита на природата, како и на туристичкиот развој на одржливите форми туризам.

Следното прашање во рамките на анкетата се однесуваше на оценување на најпотребните преземања за развој на екотуризмот и активниот туризам на Пелистер. Тие беа оценувани со бодовна скала од 1 до 5, каде 1 претставуваше највисок приоритет, додека 5 – најнизок. Оценките се дадени во Графикон бр. 36.

Графикон 36 – Што е најпотребно за развој на еко и активен туризам на Пелистер



Од графичкиот приказ бр. 36 може да се забележи дека засегнатите страни сметаат дека најпотребно за развој на екотуризмот и активниот туризам на Пелистер е инфраструктурата. Нејзиното подобрување е од круцијална важност за развој на општите и одржливите форми туризам. Во однос на овој одговор доминираа оценките со 1 – највисок приоритет. Обуките на локалните жители и водичи беше најмногу оценето со средна оценка 3. Управувањето и соработката во туризмот како предуслов за развој на туризмот има големо значење. Имено, засегнатите страни одговориле најмногу со висок оценка 2. Иако оваа оценка доминира за оваа категорија, таа е на релативно пониско ниво од највисоките оценки (1) дадени за подобрата инфраструктура. Промоцијата постигна најголем број одговори во однос на другите оценки за оваа категорија, додека поддршката и инвестициите покажуваат контрадикторни оценки. Висок е уделот на испитаници кои дале најниска оценка 5, а нешто повисок е делот од испитаниците кои се определиле за оценка 1. Од добиените одговори може да се заклучи дека основните преземања кои се најпотребни за туристичкиот развој на Пелистер имаат поприоритетно значење како што се инфраструктура, обуки и соработка со туризмот, а значаен удел имаат и поддршката и инвестициите.

Испитаниците вклучени ги оценуваа потенцијалите на Пелистер како дел од развојот за еко и активен туризам. Оценките беа дадени на бодовна скала од 1 до 5 каде 1 – многу слаб, додека 5 – одличен. Одговорите на испитаниците се дадени во следниот графички приказ (Графикон бр. 37).

Графикон 37 – Како го гледате потенцијалот на Пелистер како модел за еко и активен туризам




Најголемиот дел од испитаниците дале висока оценка 5, односно дури 54,5 %. Заедно со дадените оценки 4 (27,3%) тие сочинуваат повеќе од 80 % од вкупниот број испитаници. Изразена е важната улога што Пелистер може да ја има како најдобар пример и модел за еко и активен туризам. Тоа значи дека успешното имплементирање на заложбите за развој на активниот и екотуризмот може да претставува пример за други слични просторни целини во земјата и странство. Со тоа познавателите на прилики го истакнуваат високото значење што Пелистер може да го има во иднина.

# 9. План за промоција на туристичките потенцијали на Националниот парк Пелистер

Овој план произлезе од сознанијата добиени од сеопфатните истражувања во рамките на Студијата. Средствата за реализација на овој план ќе се обезбедат од повеќе извори кои ќе ги определат Општина Битола во соработка со НПП. Планот предвидува институционална соработка со АППТ и Владата на РСМ. Овој план треба да се вклучи и во реализацијата на Годишната програма на АППТ за 2025 година.

Планот има за задача да ги опфати промотивните активности, маркетингот, соработката на домашен и меѓународен план.

Планот ги опфаќа следниве **цели**:

- преку промоција одржливиот развој на туризмот да се подигне свеста за значењето на природните, културните, односно туристичките вредности на Националниот парк Пелистер;
- поттикнување на квалитетот и квантитетот на туристичката понуда и креирање на туристички производи во насока на привлекување на повеќе домашни и странски туристи, во согласност со барањата на еко и активниот туризам;
- промовирање на одржлив туризам кој ја заштитува природата и го поддржува локалното население;
- позиционирање на Пелистер како врвна туристичка дестинација во РС Македонија и регионот и
- брендирање на Пелистер.

**Целни сегментирани групи** на програмата се следните.

Според припадноста и афинитетите:

- домашни туристи: од поголемите градови во државата, семејства, планинари, љубители на природата, спортисти, ученици и студенти, научници и истражувачи, локални заедници и
- странски туристи со афинитети кон: кратки тури, кружни тури, специјализирани тури, индивидуални туристи, научници и истражувачи, љубители на природата, алпинисти.

Според припадноста на возрасна група:

- домашни туристи: до 30 години, односно Генерација „Z“ (ученици и студенти) и
- странски туристи: од 30 до 45 години, односно Генерација „Y“.

Според емитивни зони:

- домашни туристи;
- Холандија, Германија, Обединетото Кралство;
- Австралија и
- соседни земји.

**Стратегии за промоција**

Стратегиите за промоција се темелат врз примарните и секундарните истражувања во рамките на оваа студија. Споредено со различните понудени одговори во анкетата, најдобри резултати се постигнаа за социјалните мрежи како најзначајни промотивни канали. Испитаниците се единствени дека нема доволно промотивни активности и дека најмногу недостасуваат веб промоција и промоцијата на социјални медиуми, како и учество на саеми и Б2Б (бизнис со бизнис средби) во форма на меѓународна промоција и истакнување на уникатните карактеристики на НПП.

Планот ги опфаќа следниве стратегии за промоција: дигитални кампањи, промоција преку настани, настапи на саеми, соработки и партнерства, организирање на „фам“ и „инсентив“ тури, информативно - промотивна инфраструктура, едукација и заштита во функција на промоција.

**1. Дигитални кампањи.**

Веб страни и платформи:

- модерна веб-страница: Создавање на ажурирана, повеќејазична веб-страница (македонски, англиски) со информации за патеки, природното и културното наследство, сместување, мапи и активности. Вклучување на виртуелни тури и GPS - маркации на патеките и
- поставување на туристички содржини на официјалните државни портали за туризам www.northmacedonia-timeless.com, www.tourismmacedonia.gov.mk; како и на локални електронски портали www.bitola.info.mk.

Социјални медиуми:

- активни профили на Instagram, Facebook, TikTok, со визуелно привлечни содржини (фотографии од локалитетите);
- кампањи со хаштагови: #ПелистерПриороднаУбавина, #ОткријГоПелистер;

- видео содржини: Кратки документарни видеа за уникатните карактеристики на Пелистер и промотивни клипови за YouTube и Instagram Reels и
- мобилна апликација: Апликација со офлајн мапи, информации за патеки, локации за набљудување птици и едукативни квизови за туристичките вредности, локални водичи, сместување и исхрана.

**2. Промоција преку настани.**

- фестивал „Денови на Пелистер": Годишен настан во Битола или во Инфо - центарот со изложби за туристичките вредности;
- промотивен настан „Куќа имам на Пелистер", презентација на еко сместувачки капацитети, локална храна и производи;
- планинарски и велосипедски предизвици: Организирање на трки и тури низ обележани патеки, како Детската, Историската патека, Патеката по камењарот, Велосипедска „*downhill*" патека;
- едукативни и рекреативни тури: Организирани тури за училишта и универзитети за запознавање со куриозитетите на НПП, организирање на зимски и летни игри и
- фотографски натпревари, школи за фотографии: Натпревар за најдобра фотографија од Пелистер, со награди и изложба на победничките фотографии, организирање на курсеви за фотографии.

**3. Настапи на саеми, соработки и партнерства.**

- настапи на саеми во соработка со АППТ во: Утрехт, Берлин, Истанбул и Белград;
- локални бизниси: Соработка со хотели, ресторани и туристички агенции и водичи во Битола и Преспа (заеднички промотивни материјали, промотивни настани);
- универзитети и научни институции: Организирање на истражувачки програми на Пелистер со содржини од различни научни области и
- меѓународни организации: Партнерство со UNESCO, UN - Tourism, IUCN, ATTA, IATA за промоција на Пелистер како потенцијален дел од мрежата на заштитени подрачја.

**4. Организирање на „фам" и „инсентив" тури.**

- организирање тури за меѓусебно запознавање и поттикнување на интерес за вклучување на туристички содржини во понудата на туроператорите;
- организирање на тури со новинари, носители на креативните и културните индустрии, носители на влијателни туристички асоцијации и друштва и
- соработка со инфлуенсери и блогери за туризам за споделување на искуства.

**5. Информативно - промотивна инфраструктура.**

- обележување на патеки: Целосна GPS - маркација и физичко обележување на сите патеки, вклучувајќи ги природните видиковци и засолништа;

- информативни табли: Поставување на табли со информации за природното и културното наследство на клучни локации;
- екосместување: Промовирање на еколошки сместувачки капацитети, со фокус на одржливост;
- пристапност: Подобрување на сигнализацијата и визуализацијата на патната инфраструктура од Битола до Копанки;
- објавување информации за јавен превоз до Паркот и
- промовирање на еко превоз до НПП.

**6. Едукација и заштита во функција на промоција.**

- едукативни програми: Работилници за локалното население и посетителите за важноста на зачувувањето на природата и одржливиот туризам;
- кампањи за чистота: Иницијативи за чистење на патеките, пристапите и едукација и истакнување на недопрената природа како туристичка содржина и
- волонтерски програми: Ангажирање на млади волонтери за одржување на патеките и промоција на паркот.

**7. Имиџ и брендирање на Пелистер.**

- утврдување на листа на препознатливи вредности (молика, езера, врв Пелистер, мечка);
- изработка на бренд и
- поддршка на брендови во бизнис секторот.

Временска рамка:

- првите 3 месеци: Лансирање на веб-страница, социјални медиуми и први промотивни видеа. Започнување со обележување на патеки;
- 6 месеци: Организирање на првиот „Денови на Пелистер“ и фотографски натпревар. Соработка со локални бизниси;
- 1 година: Лансирање на мобилна апликација и учество на туристички саем. Завршување на GPS - маркацијата на патеките и
- 2 години: Евалуација на туристичкиот раст и проширување на меѓународните партнерства.

Буџетски ставки:

- дигитална кампања и веб-страница;
- организација на настани;
- инфраструктурни подобрувања;
- промотивни материјали и саеми и
- вкупно.

Клучни показатели за успех:

- зголемување на бројот на посетители за 20% во првата година;
- 10.000 следбеници на социјалните медиуми во првите 6 месеци;
- организирање на барем 3 големи настани годишно и
- позитивни повратни информации од посетителите и зголемена видливост на Пелистер во туристичките водичи.




Слика бр. 14 - Промотивен материјал на Хотел Молика (Извор: www.hotelmolika.com.mk)

# 10. Заклучоци и препораки

Заклучоците и препораките се извлечени врз основа на добиените резултати од секундарните и примарните истражувања во Студијата. Тие опфатија тематски целини кои создаваат систем на меѓусебна корелација. Основна претпоставка е туристичките локации да се обликуваат во просторни целини. Нивното значење е усогласено со развојниот систем на екотуризмот и активниот туризмот и културната основа која ја има поширокиот простор. Резултатите се систематизирани низ сите компоненти на просторниот систем на туризмот. Овој систем опфаќа заклучоци и препораки кои припаѓаат на три клучни целини: **просторни основи**, **просторна организација** и **управување со просторниот развој.**

**Просторната основа** ги опфаќа пристапноста и положбата и природните и културните потенцијали. Во врска со **пристапноста** резултатите покажуваат дека се работи за релативно ниско ниво на поврзаност и пристапност што претставува ограничувачки фактор за туризмот.

Препорака е да се преземаат следниве чекори:

- **подобрување на сигнализацијата и обележувањето на меѓународните и регионалните патни правци;**
- **лоцирање на одморалишта на регионалните правци;**
- **да се отвори пристап од меѓународниот пат Е-65 кај клучка Ротино во НПП** (да се реконструира патниот правец Ротино - Голема Ливада – Молика) и
- да се изработи сообраќајно решение за **надвозникот кај превалецот Ѓавато да се користи за пристап кон НПП.**

Истражувањето покажа дека **потенцијалите за развој на еко и активниот туризам** не се доволно истражени и не се целосно вклучени во туристичката понуда. Како најзначаен фактор за развој се истакнуваат природните пејзажи и планинските патеки, биодиверзитетот, климата и хидрографијата. Најмалку се истакнува значењето на геодиверзитетот.

Неопходно е да се унапреди **едукативната содржина во паркот на локацијата Инфо - центар** и да се овозможи непосредна посета на туристичките вредности.

Тоа подразбира:

- **Инфо - центарот да се трансформира во Визитор - центар** во кој ќе можат да се вршат предавања и презентација на вредностите посебно на оние кои имаат куриозитетно, едукативно и научно значење;
- **да се изработат IT симулации за вредности** кои не можат на терен да се согледаат како процесни категории и кои имаат често геолошко историско минато (тектонски процеси, глацијални ерозии и акумулации);

- да се презентира феноменот на **бифуркација** меѓу Егејски и Јадрански Слив кај превалецот Ѓавато низ уредување и опремување на локацијата;
- да се истакне **моликата** како ендемит од куриозитетно значење за туристичките посетители преку обележување на локалитетите Широка, Палиснопје, Нижеполе и Јоргов Камен;
- да се изработат **презентации и симулации за моликата во Инфо - центарот** и
- Инфо - центарот да биде место за **презентација и на останатите флористички и фаунистички видови**, посебно на мечката и рисот.

Селските средини кои освен Маловиште се наоѓаат надвор од границите на Паркот, карактеристично е дека се потенцијал за рурални сместувачки капацитети и етно - туристички понуди. Развојот на Пелистер ќе придонесе да се афирмираат и овие населби како ексклузивни населби.

Следни препораки се:

- **да се воведе полицентричен развој** кој ќе им овозможи на сите рурални средини од Потпелистериеото ист третман, со посебен акцент на руралните средини како Маловиште, Цапари и Ротино, кои до сега беа исклучени од позначајни туристички активности поврзани со Пелистер и
- да започнат активности за **обновување на старите куќи во селата и нивно адаптирање во угостителски и објекти за сместување**.

**Просторната организација** ги опфаќа: **локациите во рамките на туристичките локалитети, видовите туризам и туристички производи и туристичките капацитети и инвестиции**.

Локациите за развој на туризмот успешно се вклопуваат во опфатот на туристичките локалитети определени со Секторската студија за Просторниот план на РСМ (2021-2040) која издвојува три макро - туристички локалитети и тоа: **локалитет Битола**, **локалитет Битолско Мариово**, **Потпелистерски локалитет**, и **локалитет Национален Парк Пелистер** како засебна туристичка целина (Коруновски и др., 2023). Исто така, тие се опфатени и во рамките на Планот на управување со НП Пелистер, како и со Предлогот за Просторниот план на НП Пелистер. Врз основа на ваквите истражувања се дојде до следниве заклучоци.

**Издвоени се следниве клучни локации: Инфо – центар, Детско одморалиште, хотел Молика, планинарски дом Копанки, планинарски дом Широка, Врв Пелистер, Големо Езеро со глацијалните езера (Мало Езеро и Орлови Бари), локации на предвидени скијачки центри (Муза, Скрково), село Маловиште, параглајдинг полетувалиште кај Кодра, рурални населби во контактната зона.**




1. Инфо – Центар (ЗОК)
2. Детско (ЗОК)
3. Молика (ЗОК)
4. Копанки (ЗОК)
5. Широка (ЗСЗ/БЗ)
6. Врв Пелистер (ЗСЗ/БЗ)
7. Големо Езеро (ЗАУ)
8. Скрково (ЗАУ)
9. Муза (ЗАУ)
10. Маловиште (ЗОК)
11. Кодра (ЗАУ)

Слика бр. 15 - Клучни туристички локации и нивна просторна поставеност во зоните на заштита на НПП (Извор: План за управување на Националниот Парк Пелистер 2021-2030 и сопствени модификации)

Како заклучок се наметнува дека комуналната инфраструктура, внатрешната поврзаност и пристапност се од најголемо значење за функционирање на туристичките локации и локалитети.

**Комуналната инфраструктура** претставува најголем проблем за развој на туризмот на Пелистер бидејќи таа не е завршена и не ги исполнува основните функционални услови. Посебно се истакнуваат негативната состојба со колекторските системи на отпадните води и тековното одржување и чистење на патиштата. Загрижувачко е солењето на патиштата кои негативно се одразуваат на екосистемите.

Препораки се:

- **да се реализира „Елаборатот за утврдување на санитарно - заштитни зони на води наменети за консумирање од страна на човекот – ЈКП Водовод Битола“**. Со тоа ќе дојде до санација на овој проблем;
- да се реализира целосната **изградба на колекторскиот систем на отпадни води** (хотел Молика – Детско одморалиште – с. Трново)

- да се обезбеди **координација на управата на Националниот парк, бизнис секторот и комуналните служби** во однос на комуналната инфраструктура.

**Внатрешната поврзаност и пристапност** е недоволно развиена. Тоа го спречува развојот на туризмот, така што се наметнува потреба од зголемување на постојните патеки и непросечени патишта.

Препораки се:

- да се **изработат физибилити студии** за обновување и обележување на непросечените патишта (Брајчино – Нижеполе и Велушина – Острец - Муза - Големо Езеро);
- да се **изработи физибилити студија** за изградба на кабинска жичара (гондола) Битола – Антена - Пелистер и
- да се **изработат физибилити студии** за пристапност и изградба на предвидените скијачки центри на Муза и Скрково.

Анализата дава сознанија за карактеристиките на постојната **туристичка инфраструктура** покажува дека генерално ги исполнува барањата со оглед на тоа дека се смета за најдобро маркирана планина во РС Македонија.

Препораки се:

- да се унапреди **маркацијата на планинарските патеки** преку ГПС обележување;
- **патеките да се вклучат во Регистарот на планинарски патеки** во АППТ со што ќе се обезбеди нивна препознатливост, редовно одржување и обновување;
- да се уреди **локацијата Палиснопје како меморијална точка** и
- да се уреди **локацијата Вистински вир** за фотосафари.




Слика бр. 16 - Клучни туристички локации на Пелистер и нивната внатрешна поврзаност

Може да се заклучи дека **еколошките предизвици** треба да се разрешат и на тој начин да се постигне еколошки баланс кој ќе му помогне на туризмот успешно да се развие. Разрешувањата се однесуваат на управување со загадувачите, нарушувања на биодиверзитетот и геодиверзитетот. Позитивно е дека туристите имаат релативно високо ниво на свест за заштитата на животната средина и не оставаат негативен отпечаток на Пелистер. Анализата ги издвојува **„жешките точки“** кои се поврзани со туристичките активности. Тоа се: Големо и Мало Езеро, Орлови Бари, Копанки, Детско одморалиште, напуштени градби под хотел Молика и просторот околу Широка.

Препораки се:

- да се реализираат **едукативни активности за екостандардите** и значењето што го има заштитата на животната средина во функција на развој на екотуризмот;
- да се изврши **синхронизирање** на угостителскиот и стопанскиот сектор во Пелистер со комуналните служби и секторот за надзор во Паркот при спроведување на хербални стопански активности;
- да се **регулираат активностите на туристите на глацијалните езера** и
- да се изврши **санација на запуштени објекти** на локациите Копанки, Детско одморалиште и градби под хотел Молика и санација на просторот околу Широка.

Резултатите покажуваат дека постои широк спектар на **екотуристички активности** и форми на активен туризам. Се разбира дека доминираат планинарењето и скијањето. Меѓутоа, присутни се и нови форми како набљудувањето на птици и фотосафари и планинскиот велосипедизам.

Препораки се:

- **да се опремат локациите** што ќе им овозможи на туристите полесно изведување на активностите;
- **да се олесни движењето и разгледувањето** во просторот и
- да се постават **мали ски лифтови и зимски лизгалишта.**

Во врска со познавањата на туристите околу **однесувањето во просторот** и зачувувањето на природата анализата покажува дека се користат пакети со кои се овозможува благовремено информирање.

Препорака е:

- да се унапреди информираноста во насока на **дисперзија на информативни точки**. Ова ја зголемува заинтересираноста за активности на Пелистер, која е и онака на високо ниво и
- да се поставаат информативни **табли за дозволените и забранетите активности** на клучните туристички локации.

Анализата покажува дека во туристичките аранжмани релативно мала е избалансираноста на **искуствата на посетителите со заштитата на животната средина**, како и дека бизнис секторот релативно слабо ги задоволува потребите кои произлегуваат од екостандардите.

Препораки се:

- да се креираат **современи и квалитетни аранжмани** кои ќе дадат посебно место на заштитата на животната средина и
- да се воспостави **систем на контрола во воведувањето на еконорми**.

Истражувањата покажуваат дека состојбата на **сместувачките капацитети** генерално не се на квалитативно и квантитативно ниво. По бројност преовладуваат капацитети кои не се категоризирани и чија категорија е релативно ниска. Доминантно е дека сместувачките капацитети не поседуваат екостандарди, посебно од типот на „зелени хотели“ и „еко - сместувања“. Понудата на посебни услуги spa, wellness, фитнес, спорт и адреналински паркови изостанува.

Во **ресторанското работење** исто така не се применуваат современи екостандарди.

Препораки се:

- да се воведат императивно **екостандарди** кои ќе придонесат за промотивна препознатливост и висок квалитет во понудата. Во оваа функција треба да се имаат предвид руралните капацитети затоа што тие имаат поголема еластичност како понуда;
- во **хотелиерството** е неопходно **збогатување на понудата со атрактивни содржини** и
- во **рестораните да се воведе системот „Локаворе“** кој подразбира локалните производи да бидат сертифицирани според овој стандард. Сертификацијата исто така треба да ги опфати производите со еко - предзнак.

**Сезонскиот карактер на објектите** не изразен бидејќи најголем број од нив работат во текот на целата година, меѓутоа карактеристично е користењето на сезонски работници што претставува проблем и за двете страни. Бизнис секторот се соочува со недоволна финансиска поддршка и користење на промотивни активности.

Препораки се:

- **зголемување на сместувачки и ресторански капацитети** со цел да опфатат поголем број на вработувања со што би се избегнала сезоналноста на овој план и
- **да се обезбеди** финансиска **поддршка**, инвестициски вложувања, односно субвенции како форма на поттик на бизнисот.

Како заклучок може да се извлече дека **Управувањето со просторниот развој** ги опфаќа **Менаџментот, соработката и човечките ресурси.**

Во поглед на менаџментот со Националниот парк и управувањето со туризмот присутна е широка инволвираност на засегнати страни. Доминантно учество има бизнис секторот со позитивен пристап во решавањето на проблемите. Нивното учество и учеството на други засегнати страни преовладително е со организацијата на заеднички проекти, промотивни материјали, обуки и споделување на искуства. Меѓутоа, соработката со локалната заедница е на ниско ниво така што економските придобивки локалното население не ги чувствува во доволна мерка. Соработката со невладините организации не е на задоволително ниво.

Оценката за моменталниот статус на одржливиот туризам на Пелистер е лоша со таксативно утврдени проблеми. Во последните 10 години нема извесни промени и подобрувања.

Препораки се:

- да се воспостави организацискиот систем на управување со Пелистер како екотуристичка дестинација, односно да се конституира **Форум за туризам на Пелистер**;
- **активирање на Одделението за туризам** во НП Пелистер со сите потребни ингеренции и
- **да се унапреди соработката** со локалното население и НВО-та.

Регулативата во Паркот во однос на туризмот е определена но нејзината примена не е на очекувано ниво. Анализата покажува дека спроведувањето на политиките од различно ниво не се ефикасни.

Препораки се:

- **донесување на правни надзорни акти** со кои ќе се обезбеди спроведување на регулативата и
- доследно **спроведување на актите** и развојните документи.

**Човечките ресурси** од областа на туризмот не се застапени во доволна мерка. Отсуството на организациска структура е причина за ваквите состојби. Трајните и времени вработувања се во расчекор. Дуалното образование не е применето според потребите на пазарот. Нагласена е потребата од квалитетни водичи во планина, спасители, аниматори и туристички водичи од општ и специјализиран карактер.

Препорака е:

- **да се воведе едукација** која ќе помогне во екипирањето на кадровските недостатоци и
- да се воведат **стимулативни мерки за вработување** за да се избегнат проблемите со недостаток на работна сила.

**Туристички промет и побарувачка (посета и престој, емитивни зони)**

Туристичкиот промет претставува индикатор на туристичкиот развој. Тој главно ја отсликува туристичката побарувачка. Врз основа на реализацијата на прометот се добива сознанија за туристичката потрошувачка како краен економски ефект.

**Туристичкиот промет** ги содржи индикаторите на посета и престој. За да биде релевантен заклучокот се дојде до сознанија за обемот и динамиката на развој во последните десет години. Може да се заклучи дека структурните карактеристики на туристичкиот промет покажуваат дека скоро тројно поголема е реализацијата на странските посети и ноќевања во однос на онаа која ја реализирале домашните. Што се однесува до динамиката може да се констатира дека до 2018 година има континуиран пораст на посетеноста и престојот, а веќе со појавата на COVID-19 во 2020

година доаѓа до драстично намалување на прометот, сепак оправувањето до последната анализирана година 2024 година е бавно. Како заклучок се наметнува дека Битола заостанува во овој поглед зад прометот реализиран на државно ниво. Учеството на Битола на регионално ниво е водечко, а на државно ниво има скромни резултати. Вкупната туристичка потрошувачка за Битола за последната анализирана година изнесува 11.483.588 УСД, а девизните приходи 7.384.922 УСД.

Резултатите покажуваат дека **бројот на посетители** на паркот не се евидентира.

Препораки се:

- да се стави **акцент на домашниот туризам**;
- интензивно да се настапува на **меѓународниот туристички пазар**;
- настапите на пазарот да се усогласат со преземањата на државно ниво. Најдобра солуција е да се настапува во **координација како на регионален така и на национален план** и
- да се воспостави **систем за собирање и анализа на податоци за посетителите на НПП** со параметри кои ќе го отсликаат влијанието на посетеноста и престојот врз животната средина.

**Должината на престој** на туристите е релативно кратка посебно кај домашните туристи.

Препорака е:

- да се **унапреди туристичката понуда** која што подолго ќе ги задржи **домашните туристи**. Ова посебно се однесува на ценовната политика, анимациите, школите во природа, екскурзиите и манифестациите со национален предзнак.

Според статистичките податоци може да се извлече заклучок дека најзначајни **емитивни земји** за Битола се земјите од блиското опкружување како: Србија, Грција и Турција. Австралија има водечка позиција во поглед на престојот што се должи на посетата на иселениците. Според добиените сознанија од интервјуто меѓународниот пазар има најголемо значење, што упатува на тоа дека покрај емитивни зони од регионот, утврдени се и пазарите од меѓународен карактер какви што се оние од Западна Европа. Анкетата покажува дека домашниот пазар има забележителни карактеристики.

Препорака е:

- туристичката понуда покрај на домашниот пазар, да се пласира и на споменатите странски пазари. Во промотивните активности тоа значи да се води сметка за **глобалните трендови во туризмот и говорните подрачја кои ги имаме во емитивните зони**.

Посетеноста и престојот имаат изразит **сезонски карактер**. Преовладува посетеноста во летниот дел од годината, додека во останатиот дел имаме релативно пониски вредности. Вон очекување е дека најслаби резултати се реализирани во зимскиот дел од годината или во периодот од декември до февруари, што делува парадоксално.

Препорака е:

- активностите на обликувањето на туристичката понуда и креирањето на **туристички производи да имаат зимска димензија** и

- организирање **MICE** и **работилници за креативни и културни индустрии (Битола да прерасне во саемски град)**.

**Претприемништво иновации и квалитет**

Оваа група на показатели е суштествена затоа што овозможува директно влијание на човековиот фактор во креирањето на туристичката понуда и реализирањето на развојот. Добиените показатели треба да ни овозможат согледувања за потребите кои се неопходни на овој план. Индикаторите се однесуваа на инвестициски активности и нивна приоритизација, обликувањето на моделот на дестинациска рамка на НП Пелистер, можностите кои не се искористени и согледување на развојните визии.

Од истражувањата може да се заклучи дека недостасуваат **поддршки од различна природа** како од гледна точка на материјалната основа, така и од човечките ресурси, посебно во современите пристапи на оваа материја.

Препораки се:

- да се **обезбеди** финансиска **поддршка** за поттикнување на инвестициските активности насочени кон инфраструктурни подобрувања;
- вложување во **ИТ секторот**;
- **техничко приспособување** за потребите на туристите во екотуризмот;
- ажурно **спроведување на туристичките политики** усогласени со потребите на бизнис секторот
- Унапредување на евиденцијата и системот за наплата за влез во НПП согласно законските одредби и
- унапредување на **поддршката** во форма на **промотивни активности и креативните индустрии**.

Во врска со определувањето на Пелистер како **модел за препознатлив еко туристички развој** и дестинација на одржлив туризам **клучни визии и препораки** се:

- **претворање на Инфо - центарот како Визитор - центар;**
- **вмрежување и креирање на управувачка структура за туристички развој;**
- **да се создаде имиџ и бренд на Пелистер како препознатлива туристичка дестинација;**
- **да се изгради и уреди камп со едукативни и рекреативни содржини кој ќе може да се користи и како населба за дигитални номади (можна локација - просторот во близина на Детското одморалиште);**
- **диверзификација на туристичката понуда (повеќе видови на туристички производи) во дисперзирани просторни рамки);**
- **активирање на потенцијалите во руралните средини и примена на „Локаворе“ принципот;**
- **изработка на физибилити студии и реализација на капитални проекти;**
- **воведување на екостандарди во различни сегменти на понудата;**
- **воведување на едукативни и научни програми и**
- **интензивирање на соработката со другите национални паркови и контрактивни зони.**

# Листа на табели

Табела 1 - Посетеност и престој на домашни, странски и вкупно туристи во Општина Битола 2014-2024 со верижен индекс ....10
Табела 2 – Процентуално учество на бројот на домашни, странски и вкупно посети и ноќевања во Општина Битола, во однос на Пелагонискиот плански регион и РСМ (2014-2024 год.) ....12
Табела 3 – Просечен престој на домашни, странски и вкупниот број туристи во Општина Битола (2014-2024 год.) ....14
Табела 4 - Рангирани емитивни држави според просечниот број на туристи и ноќевања реализирани во Општина Битола (2014-2024 год.) ....15
Табела 5 - Сезоналност на домашни, странски и вкупно туристи во Општина Битола (2022-2024 год.) ....16
Табела 6 - Сезоналност на домашни, странски и вкупно ноќевања во Општина Битола (2022-2024 год.) ....18
Табела 7 – Динамика на бројот на објекти за сместување и сервисни дејности со храна во Општина Битола и нивно процентуално учество во рамките на ПеПР и РСМ (2014-2023 год.) ....20
Табела 8 - Број на категоризирани хотели – Општина Битола ....21
Табела 9 - Број на категоризирани ресторани – Општина Битола ....22
Табела 10 - Преглед на категоризирани сместувачки капацитети на територијата на Општина Битола ....23
Табела 11 – Преглед на активности поврзани со екотуризмот и добри практики според целите за одржлив развој ....34
Табела 12 - Локации на Пелистер од интерес за туристите ....40
Табела 13 - Инвентаризација и валоризација на туристички вредности ....41

# Листа на графикони

Графикон 1 – Динамика на бројот на посети и реализирани ноќевања на домашни, странски и вкупно туристи во Општина Битола (2014-2024 год.) ....12
Графикон 2 – Процентуално учество на туристичкиот промет на Битола во ПеПР и РСМ (2014-2024 год.) ....13
Графикон 3 – Просечен престој на домашни, странски и вкупниот број туристи во Општина Битола (2014-2024 год.) ....14
Графикон 4 - Сезоналност на домашни, странски и вкупно туристи во Општина Битола (2022-2024 год.) ....17
Графикон 5 - Сезоналност на домашни, странски и вкупно ноќевања во Општина Битола (2022-2024 год.) ....19
Графикон 6 – Процентуално учество на бројот на објекти за сместување и сервисни дејности со храна во Општина Битола во рамките на ПеПР и РСМ (2014-2023 год.) ....20
Графикон 7 - Процентуално учество на категоризираните хотели во Општина Битола (според бројот на ѕвезди) ....21
Графикон 8 - Процентуално учество на категоризирани ресторани во Општина Битола (според бројот на ѕвезди) ....22
Графикон 9 – Дали сте вклучени во активности поврзани со туризмот на Пелистер ....66
Графикон 10 – Како ја оценувате моменталната состојба со туризмот на Пелистер ....67
Графикон 11 – Како се промени туризмот на Пелистер во последните 5-10 години ....67
Графикон 12 – Оценете ја состојбата со загадувањето на Пелистер ....68
Графикон 13 – Кои еколошки проблеми сметате дека се најголеми ....69
Графикон 14 – Како е управуван и регулиран одржливиот Туризам на Пелистер во моментов ....70
Графикон 15 – Кој ресурс го сметате за највреден за развој на еко и активен туризам на Пелистер ....70
Графикон 16 – Кои блиски селски комплекси имаат потенцијал за еко и активен туристички развој ....71
Графикон 17 – кои активности во рамките на активниот туризам најмногу се практикуваат на Пелистер ....72

Графикон 18 – Оценете ја туристичката инфраструктура за активен туризам.....73
Графикон 19 – Оценете ја постоечката комунална инфраструктура.....73
Графикон 20 – Оценете ја регионалната поврзаност и пристапност до Пелистер.....74
Графикон 21 – На Пелистер има неистражени и недоволно развиени потенцијали за еко или активен туризам.....75
Графикон 22 – Дали сметате дека на Пелистер и во блиските населби има доволно сместувачки капацитети за еко и активен туризам.....75
Графикон 23 – Дали сметате дека на Пелистер и во блиските населби сместувачките капацитети применуваат екостандарди.....76
Графикон 24 – Како ја оценувате поддршката од локалната власт за развој на еко и активен туризам на Пелистер.....77
Графикон 25 – Дали тековните национални / регионални политики ефективно го поддржуваат еко и активниот туризам на Пелистер.....77
Графикон 26 – Дали сметате дека постојните политики и мерки се спроведуваат и се ефикасни.....78
Графикон 27 – Оценете ја моменталната промоција на Пелистер како еко и активна туристичка дестинација.....79
Графикон 28 – Кој туристички пазар доминира на Пелистер.....79
Графикон 29 – Оценете ги по приоритет каналите на промоција на Пелистер.....80
Графикон 30 – Што го прави имиџот на Пелистер.....81
Графикон 31 – Дали локалното население е вклучено во туризмот на Пелистер.....82
Графикон 32 – Дали се чувствуваат економските придобивки од туризмот на Пелистер во локалната заедница.....83
Графикон 33 – Дали туроператорите и водичите успешно ги балансираат искуствата на посетителите со заштитата на животната средина.....83
Графикон 34 – Дали локалните бизнис ефективно ги задоволуваат потребите на еко/активните туристи.....84
Графикон 35 – Дали еколошките и културните НВО имаат активна улога во поддршката на одржливиот туризам во Пелистер.....85
Графикон 36 – Што е најпотребно за развој на еко и активен туризам на Пелистер.....85
Графикон 37 – Како го гледате потенцијалот на Пелистер како модел за еко и активен туризам.....86

# Литература


- Honey, M. (1999). Ecotourism and Sustainable Development: Who Owns Paradise? Washington, DC: Island Press.
- Ipsos, Europ Assistance. (2019). Holiday Barometer, Ipsos.
- Korunovski, S., Marinoski, N., Andreeski, C. Nestoroska, I. Risteski, M. (2019). Sub-strategy for Development of Cultural Tourism in the Republic of N. Macedonia. Ministry of Economy of Republic of N. Macedonia.
- Korunovski, S., Risteski, M. (2023). The City of Ohrid as a UNESCO World Cultural Heritage Site: Challenges and Solutions for Cultural Tourism Development. In: Cities' Vocabularies and the Sustainable Development of the Silkroads. Advances in Science Technology & Innovation (1). Springer Cham, Cham, Switzerland, pp. 347-361.
- Marinoski N., Korunovski S. (2008). Macedonia: Land of Tourism, INA Commerce, Skopje.
- Marinoski N., Korunovski S. (2012). Tourism in Macedonia in Changing Environment, PROCEDIA - Social and Behavioral Sciences, Published by Elsevier Ltd, Vol. 44, pp. 19-31.
- Marinoski N., Nestoroska I., Andreeski C., Risteski M., Naumov K. (2017). Register of Potentials for Rural Tourism Development of the Pelagonija Planning Region, Global Project Consulting - Skopje, UNDP, Center for Development of the Pelagonija Planning Region.
- Marinoski, N., Korunovski, S., Andreeski, C., Nestoroska, I., Risteski, M. (2019a). Sub-strategy for Development of Active Tourism in the Republic of N. Macedonia. Ministry of Economy of Republic of N. Macedonia.
- Marinoski, N., Korunovski, S., Andreeski, C., Nestoroska, I., Risteski, M. (2019b). Sub-strategy for Development of Rural Tourism in the Republic of N. Macedonia. Ministry of Economy of Republic of N. Macedonia. Ministry of Economy of Republic of N. Macedonia.
- Marinoski, N., Korunovski, S., Popovski, A., Chakareska, L,. Risteski, M., Efremova, A. (2014). Sub-strategy for Development of Sports Tourism in the Republic of Macedonia 2015-2018. Agency for Promotion and Support of Tourism in the Republic of N. Macedonia.
- Nestoroska, I., Marinoski, N., Andreeski, C. Simoncheska, L., Dicevska, S. Karadjova, V. Risteski, M., Naumov, K. (2019). Increasing Tourism Opportunities through Utilization of Resources – I-TOUR, Encouraging tourism and cultural and natural heritage WP3 Development of cross border tourism products – map and access cross border tourism potentials. Faculty of Tourism and Hospitality – Ohrid.
- OECD (2024). Tourism Trends and Policies, OECD Publishing, Paris.
- Risteski, M. (2020). Contemporary methods and approaches for tourist valorization, HORIZONS – International Scientific Journal, 27, pp. 79-89.
- Risteski, M., Nestoroska, I. (2024). Tourism Development in the Republic of North Macedonia in the Period 1991-2021. Proceedings of the Faculty of Economics in East Sarajevo, 28. pp. 51-67.
- Risteski, M., Kocevski, J., Arnaudov, К. (2012) Spatial Planning and Sustainable Tourism as a Basis for Developing Competitive Tourist Destinations. International Scientific Journal PROCEDIA – Social and Behavioral Sciences. Elsevier Vol. 44, pp. 375-386.
- Tufft C., Constantin, M., Pacca, M., Gladstone, I., de Vries, J. (2024) The state of tourism and hospitality 2024, McKinsey & Company.
- ДЕКОНС-ЕМА (2020). План за управување на Националниот Парк Пелистер 2021-2030, Македонско еколошко друштво.

- Државен завод за статистика на РСМ (2015-2024). Статистички годишници на РС Македонија.
- Коруновски С. (2011). Културно наследство, Факултет за туризам и угостителство-Охрид.
- Коруновски С. (2015) Заштита на културно наследство, Факултет за туризам и угостителство-Охрид.
- Коруновски, С., Мариноски Н., Андреески Ц., Ристески, М., Петровска, О. (2023). Секторска студија ТУРИЗАМ за Просторниот план на Република Северна Македонија (2021-2040), Агенција за планирање на просторот на РС Македонија.
- Коруновски, С., Мариноски, Н., Нестороска, И., Ефремова, А., Марковиќ, Н. 2015-2018 (2014). Потстратегија за традиции и настани на Република Македонија – Глобал Проект Консалтинг, Агенција за поддршка и промоција на туризмот во Република Македонија.
- Мариноски, Н. (1997). Туристичка географија на Македонија, Факултет за туризам и угостителство-Охрид.
- Мариноски, Н. (2012a). Туристичка географија, Факултет за туризам и угостителство-Охрид.
- Мариноски, Н. (2012b). Селективни видови туризам, Факултет за туризам и угостителство-Охрид.
- Мариноски, Н. (2015). Основи на туристичката теорија и практика, Факултет за туризам и угостителство-Охрид.
- Министерство на РС Македонија (2024). Регистар на категоризирани угостителски објекти – 18.11.2024 - https://www.economy.gov.mk/content/documents/Registri/РЕГИСТАР%20НА%20КАТЕГОРИЗИРАНИ%20ХОТЕЛИ%2022.03.2024.pdf.
- Општина Битола (2024). Категоризација на сместувачки капацитети од мал обем до 20 легла – www.bitola.gov.mk/wp-content/uploads/2024/11/Список-на-сместувачки-објекти-од-мал-обем-до-20-легла.pdf.
- Општина Битола (2025). Листа на хотели, ресторани, пицерии и останати угостители во Општина Битола https://www.bitola.gov.mk/wp-content/uploads/2025/03/ЛИСТА-НА-ХОТЕЛИ-РЕСТОРАНИ-И-УГОСТИТЕЛИ.pdf.

## Интернет извори

- https://makstat.stat.gov.mk/
- https://park-pelister.com/
- https://sdgs.un.org/goals
- https://tourismmacedonia.gov.mk/wp-content/uploads/2018/08/36_Vrtuska_Maloviste.jpg
- www.bitola.info.mk
- www.hotelmolika.com.mk
- www.northmacedonia-timeless.com
- www.openstreetmap.org
- www.tourismmacedonia.gov.mk